# З А П И С Н И К
# од 421-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Седницата се одржа на ден: 07.12.2022, среда во 10:35 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател
- **Мирјана Радевска Стефкова**, член
- **Ханиф Зендели**, член
- **Мери Радевска**, член
- **Зоран Герасимовски**, член
- **Лорета Горгиева**, член
- **Ивица Николовски**, член
- **Сашко Георгиев**, член
- **Мирсад Суроји**, член
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член
- **м-р Миљазим Мустафа**, член

Отсутни членови:

- **Павлина Црвенковска**, член
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд
- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар
- **Љубиша Арсиќ**, државен советник
- **м-р Вера Андрејчин**, советник
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на поширока јавност, и тоа:

- Преставник од **Институт за човекови права**
- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**

- Претставник од **СДК**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Весна Дамева.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 421-та седница, со предлог истиот да се измени.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по предлог измените на Дневниот ред.

Откако констатира дека никој не се јави за збор Претседателот на Советот Весна Дамева Дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на: Записник од 408-та седница од 07.07.2022 година, Записник од 416-та седница од 27 и 28.09.2022 година, Записник од 417-та седница од 19.10.2022 година и Записник од 419-та седница од 08.11.2022 година;
2. Донесување на Одлука за престанок на функција судија поротник на Основен кривичен суд Скопје;
3. Донесување на Одлука за измена и дополнување на одлука за формирање на Комисија за оценување на работата на кандидати за претседател на Основен суд Куманово и донесување на Одлука за измена и дополнување на одлука за формирање на Комисија за повторно оценување на судија/претседател на суд;
4. Одлучување по Приговор од судија од Основен суд;
5. Одлучување по поднесени приговори од судии против решенија за оценување;
6. Разгледување на Извештај на Комисија за проверка на навременост на пријави и комплетност на документи по објавен оглас за избор на претседател на Апелационен суд Скопје;
7. Разгледување и усвојување на Предлог за измена и дополнување на Програма и Акциски план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025 година;

8. Разгледување на извештаи за работата на судовите во РСМ за трето тромесечие за 2022 година;
9. Одлучување по поднесено барање за надомест на патни трошоци;
10. Одлучување по поднесено барање за надомест на трошоци;
11. Одлучување по Известувања за фактичка состојба по поднесени барања за одговорност на судија/претседател на суд;
12. Расправа по Извештаи за констатирана состојба по поднесени барања за одговорност на судија/претседател на суд;
13. Формирање на Комисии по поднесени барања за одговорност на судии/претседатели на судови;
14. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:

- УПП бр. 214/22, 217/22, 265/22, 353/22, 362/22, 367/22, 389/22;
- УПП бр. 244/22, 321/22, 348/22, 360/22, 378/22;
- УПП бр. 122/22, 205/22, 237/22, 242/22, 253/22, 275/22, 357/22, 361/22, 363/22, 372/22;
- УПП бр. 374/22, 377/22, 385/22;
- УПП бр.52/22, 57/22, 77/22, 132/22, 238/22, 279/22, 289/22, 294/22, 331/22, 370/22, 412/22;
- УПП бр. 192/22, 227/22, 251/22, 255/22, 267/22, 359/22, 384/22;
- УПП бр. 250/22, 364/22, 375/22, 388/22;
- УПП бр.346/22;
- УПП бр. 349/22, 356/22, 382/22, 399/22;
- УПП бр. 343/22, 365/22, 391/22;
- УПП бр.347/22, 354/22, 386/22, 406/22.

15. Разно.

## Точка 1

(Усвојување на: Записник од 408-та седница од 07.07.2022 година, Записник од 416-та седница од 27 и 28.09.2022 година, Записник од 417-та седница од 19.10.2022 година и Записник од 419-та седница од 08.11.2022 година)

● Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по Записник од 408-та седница на Судскиот совет на РСМ од 07.07.2022 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

● Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по Записник од 416-та седница на Судскиот совет на РСМ од 27 и 28.09.2022 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

● Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по Записник од 417-та седница на Судскиот совет на РСМ од 19.10.2022 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

● Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по Записник од 419-та седница на Судскиот совет на РСМ од 08.11.2022 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

*Напомена: Од гласањето за усвојување на записниците се изземат членовите на Судскиот совет кои не присуствувале на посочените седници.*

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

(Донесување на Одлука за престанок на функција судија поротник на Основен кривичен суд Скопје)

● По повод 2-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева во својство на координатор на Основен кривичен суд Скопје го презентираше извештајот со предлог за разрешување на судии поротници.

Извести дека ВД претседателот на Основниот кривичен суд Скопје со допис 03 Су.бр 617/22 од 01.12.2022 година, заведен во Судскиот совет под број 02-2082/1 од 06.12.2012 година, достави предлог до Советот судијата поротник: Олга Крстевска да биде разрешена од функцијата, бидејќи на ден 22.11.2022 година навршила 60 години старост.

По разгледување на предлогот за разрешување и извршениот увид во регистерот на судии поротници, констатира дека Олга Крстевска, судија поротник во Основниот кривичен суд Скопје на ден 22.11.2022 година навршила 60 години старост, па согласно чл.80 ст.1 т.5 од Законот за судовите и престанува функцијата судија поротник. Предложи да се констатира дека на Олга Крстевска и престанува функцијата судија поротник во Основен кривичен суд Скопје.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

На Олга Крстевска, избрана за судија поротник на Основен кривичен суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр.02-1079/1 од 19.06.2019 година и престанува функцијата судија поротник, поради навршени 60 години старост.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

**Точка 3**

(Донесување на Одлука за измена и дополнување на одлука за формирање на Комисија за оценување на работата на кандидати за

претседател на Основен суд Куманово и донесување на Одлука за измена и дополнување на одлука за формирање на Комисија за повторно оценување на судија/претседател на суд)

● По повод 3-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека во Комисијата за оценување на работата на кандидати за претседател на Основен суд Куманово и Комисијата за повторно оценување на судија/претседател на суд избрана е како член на Судскиот совет и со оглед дека не е отпочната постапката во комисиите, односно досега не се преземени никакви процесни дејствија, поради ангажираноста и работи кои неопходно треба да се завршат во наредниот период најрационално е да се избере нов член од редот на членовите на Судскиот совет избрани од Собранието на РСМ. Укажа дека по однос на членувањето во Комисијата за оценување, во истата ќе продолжи, бидејќи и покрај активностите, обврските и набиената агенда не сака да запре процесот за оценување, од причина што истиот е во напредна фаза.

По спроведеното ждребување претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека се донесени следните:

1. О Д Л У К А
За измена и дополнување на Одлуката на Судскиот совет на РСМ бр . 09-904/4 од 27.10.2022 година

Во став 1 алинеја 3 од Одлуката на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.09-904/4 од 27.10.2022 година, со која е формирана Комисија за оцена на работата на кандидати за претседател на Основен суд Куманово, наместо „Весна Дамева член на Комисијата (член на Судскиот совет на РСМ)", да стои „м-р Миљазим Мустафа" - член на Комисијата (член на Судскиот совет на РСМ )".

Во останатиот дел одлуката останува неизменета.

2. О Д Л У К А
За измена и дополнување на Одлуката на Судскиот совет на РСМ бр.02-655/1 од 12.04.2022 година

Во став 1 алинеја 3 од Одлуката на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-655/1 од 12.04.2022 година со

која е формирана комисија за повторно оценување на судија/претседател на суд, наместо „Весна Дамева - член на Комисијата (член на Судскиот совет на РСМ )", да стои „м-р Тања Чачарова Илиевска - член на Комисијата (член на Судскиот совет на РСМ)".

Во останатиот дел одлуката останува неизмената.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

(Одлучување по Приговор од судија од Основен суд)

● По повод 4-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека против Одлуката за измена на Годишниот распоред на Основен суд Виница за 2022 година, од страна на судијата Даниела Костадинова Тиловска од Основен суд Виница доставен е приговор.

Во таа насока му даде збор на членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова во својство на координатор на Основен суд Виница.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека приговорот на судијата е двапати доставен, односно доставен е до Судскиот совет директно од судијата, истиот е навремено доставен, а воедно е доставен со пропратно образложение од страна на ВД претседателот на Основен суд Виница. Укажа дека приговорот се поднесува поради Одлука за измена на Годишен распоред за работа на Основен суд Виница. Посочи дека измената на годишниот распоред којшто е направен од страна на ВД претседателот на Основен суд Виница е од причина што од страна на Судскиот совет по барањето за повторно делегирање на судија од Основен суд Кочани во Основен суд Виница не е усвоено барањето, од причина што состојбата со бројот на предмети по којшто постапува посочениот основен суд не оправдува упатување на судија од Основен суд Кочани во Основен суд Виница, со оглед на состојбата со бројот на судии во Основен суд Кочани и состојбата со бројот на судии којшто постапуваат по предмети на ниво на цела држава. Нагласи дека бидејќи во Основен суд Виница не е упатен судија којшто досега постапувал по кривичните предмети ВД претседателот прави измена на годишниот распоред, така што единствениот судија којшто постапува во судот,

а којшто е судија кој работи на граѓанска материја и којшто во работа има 45 граѓански предмети распоредени му се и кривични предмети. Меѓу судијата и ВД претседателот е направена поделба на предметите од прекршочна материја и ВД претседателот презема да постапува и по предмети за извршување на санкции. Напомена дека дадено е образложение од страна на ВД претседателот во измената на годишниот распоред.

Додаде дека тоа што е истакнато од судијата кој го поднесува приговорот е дека приговорот го поднесува како до Судскиот совет, така и до Општа седница на Врховен суд и во образложението истакнува дека е судија којшто постапува по граѓанска материја, дека со намалување на бројот на судии 2010 година до донесувањето на Годишниот распоред постапува и по предмети на кривичен совет и по КПП предмети, односно дежурен судијата е за издавање на наредби и во зависност на оценката на Судскиот совет, односно Врховниот суд дали истото ќе се третира по чл. 39 ст. 6 од Законот за судови или чл. 39 ст. 8 или ст. 4 од тие причини го поднесува приговорот до двете институции, односно до Судскиот совет и до Општа седница на Врховен суд.

Дополни дека со оглед дека станува збор за измена на годишниот распоред, а поаѓајќи од Законот за судови чл. 39 и тоа, против одлуките од ст. 4, а тоа е Годишниот распоред, ст. 7 кога судијата може да бара преместување од еден во друг оддел и ст. 9 кога е времено упатен судија да постапува во друг суд по приговорите одлучува Општа седница на Врховен суд. Прецизира дека според ст. 12 од истиот член против одлуката од ст. 8, а тоа е кога судија е распореден во друг оддел против негова волја, по приговорот одлучува Судскиот совет во рок од 7 дена.

Потенцира дека не станува збор за распоредување на судија во друг оддел, затоа што судијата продолжува да постапува во одделот за граѓански дела, со тоа што се распоредени и предмети од кривична материја, поради покривање со годишниот распоред. Образложи дека не станува збор за приговор кој е во надлежност да одлучува Судскиот совет и Предложи истиот да се отфрли.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот на координаторот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Приговорот поднесен од Даниела Костадинова Тиловска, судија на Основен суд Виница против Одлуката за измена на Годишен распоред за работа на судот во 2022 година СУ-04.бр.356/2022 од 16.11.2022 година на ВД Претседателот на Основен суд Виница, СЕ ОТФРЛА.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека претставникот на СДК ја напушти седницата.*

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред.

**Точка 5**

(Одлучување по поднесени приговори од судии против решенија за оценување)

● По повод 5-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека согласно чл. 96 ст. 4 од Законот за Судски совет е предвидено дека Советот во рок од 7 дена од приемот на приговорот расправа по приговорот и донесува одлука за одбивање или прифаќање на приговорот и одлука за повторно оценување. Укажа дека во ст. 5 од наведениот член е предвидено дека против одлука од ст. 4 судијата односно претседателот на судот има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката до Советот за жалби, на начин и постапка утврдени со Законот. Посочи дека од страна на 4 судии, и тоа судијата Александар Шопов, судијата Ацо Тасев, судијата Андреј Димовски и судијата Џенета Бектовиќ поднесени се приговори против решенијата за оценување донесени од страна на Судскиот совет, па бидејќи членот на Советот Сашко Георгиев е претседател на Комисијата за оценување му даде збор.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека од страна на Комисијата за оценување на кандидати-судии кои се кандидираат за Апелационен суд Скопје спроведена е постапка за оценување во делот на оценувањето за квантитет каде што се земени податоците доставени од страна на судовите и податоци со кои Судскиот совет располага од системот по однос на 2019 и 2020 година и постигнатите резултати по однос на завршените предмети од страна на колегите судии. Укажа дека по однос на постапката се изготвени решенија, коишто решенија со дадени конкретни оценки

се доставени до судиите. Во благовремен рок за приговор 4 кандидати судии Александар Шопов, судија на Основен суд Велес, Ацо Тасев, судија на Основен суд Штип, Андреј Димовски, судија на Основен граѓански суд Скопје и Џенета Бектовиќ, судија на Основен кривичен суд Скопје го оствариja своето право и доставуваат приговор до Советот, односно до Комисијата којашто постапува по донесување на решенијата за оценка. Посочи дека откако се разгледани приговорите констатирано е од страна на Комисијата дека приговорите за сите кандидати се навремени.

Нагласи дека судијата Ацо Шопов истакнува дека за 2019 година му се доделини само 20 бода. Притоа судијата наведува дека не е земен фактот дека ја извршувал функцијата претседател на Основен суд Велес од 29.04.2015 до 29.04.2019 година, односно 4 месеци од 2019 година работел како претседател на Основен суд Велес, а од 30.04.2019 година продолжува како ВД претседател се до 30.10.2019 година. Значи, не е спорен фактот дека судијата 3 месеци и 29 дена извршува работни задачи како претседател, а воедно извршува работни задачи како ВД претседател до крајот на месец октомври 2019 година. Додаде дека има и други наводи во приговорот, но детектираните состојби од страна на судијата изнесени во приговорот се оправдани и по убедување на Комисијата приговот треба да се уважи, односно да е предмет на повторно оценување.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе бидејќи прв пат се постапува на конкретниот начин со работа по приговори не е размотрено дали ќе се направи процесна повреда. Укажа дека излагањето на претседателот на Комисијата за оценување спаѓа во делот на анализа на Комисијата за повторно оценување.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека на претходниот работен состанок колегата е задолжен да реферира, бидејќи е претседател на Комисија и приговорите се пристигнати, а одлуката ја носи Советот.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека тековното оценување за прв пат се спроведува на утврдениот начин.

Согласно чл. 96 ст. 4 од Законот за Судски совет Советот во рок од седум дена од прием на приговорот расправа по приговорот и донесува одлука за одбивање или прифаќање на приговорот или одлука за повторно оценување.

Согласно чл. 96 ст. 5 од Законот за Судски совет против одлуката од ставот (4) на овој член судијата односно претседателот на суд имаат право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката до Советот за жалби на начин и постапка уредени со овој закон.

Согласно чл. 97 ст. 1 од Законот за Судски совет Советот е должен во рок од 30 дена од денот на донесување на одлуката од членот 96 став (4), односно став (5) да изврши повторно оценување на работата на судијата и претседателот на судот.

Согласно чл. 97 ст. 2 од Законот за Судски совет повторното оценување на работата на судијата и претседателот на судот се врши врз основа на извештај на Комисија составена од три члена на Советот, во која не може да членуваат лицата кои членувале во Комисијата која ја предложила оцената на судијата при првото оценување.

Укажа дека на располагање се три опции, одбивање на приговорот, прифаќање на приговорот и одлука за повторно оценување. Доколку се прифати приговорот нема потреба да се пристапува кон повторно оценување.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека од првиот приговор, а и од останатите не произлегува дека може да се прифати приговорот и да се утврдат нови бодови директно на седница, затоа што се укажува на некои околности кои влијаат на поинакво бодирање. Укажа дека воопшто не може да стане збор да се прифати, а да не се врати на повторно оценување. Посочи дека нема јасна пресметка колку бодови кандидатот би имал за да може само да се прифати и да се утврдат нови бодови.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека точно е дека е прв пат и заслужува да се изанализира текстот на законот. Укажа дека согласно чл. 96 ст. 4 од Законот за Судски совет Советот во рок од седум дена од прием на приговорот расправа по приговорот и донесува одлука за одбивање или прифаќање на приговорот или одлука за повторно оценување. Посочи дека по автоматизам се наметнува да се размислува во насока доколку Советот донесе одлука за прифаќање на приговорот, носи веднаш и одлука за повторно оценување. Потоа има ст. 5 право на жалба на таквата одлука.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека Советот има можност да донесе три одлуки, во зависност од тоа која смета дека е исправна. Да прифати, да одбие или да донесе одлука за повторно оценување. Укажа дека тие три опции се на располагање и неспорно е дека сега треба да се донесе одлука, а понатаму Комисијата ќе работи.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека дека прифаќање на приговорот следи поради сторени одредени административни пропусти. Посочи дека при повторно оценување се формира нова Комисија која од почеток треба да го спроведе оценувањето.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека очигледно различно се толкува и треба да се усогласат во толкувањето на чл. 96 и 97 од Законот за Судски совет. Укажа дека не е спорно дека според чл. 96 ст. 4 Советот може да донесе три вида на одлуки, одлука за одбивање или одлука за прифаќање на приговорот или одлука за повторно оценување. Посочи дека не значи доколку приговорот се прифати дека по автоматизам значи дека повторно ќе се оценува. Нагласи дека законодавецот го предвидува тоа од причина што се е во зависност од тоа што е истакнато во приговорот. Пример доколку во приговорот од страна на кандидатот е кажано дека не е оценет за 10 предмети, што ќе донесе уште 5 поени или 10 поени и Советот утврди дека навистина е направен пропуст и предметите не се оценети може да се прифати приговорот и да се дадат тие поени. Меѓутоа, во конкретниот случај, во конкретниот приговор еден судија за определен период не е оценет. Напомена дека не може Советот да го прифати приговорот и да се каже колку недостасува за одредениот период, бидејќи тоа е работа на Комисијата. Од таа причина постои Комисијата која повторно ќе оценува да утврди за посочениот период што не е оценет, а бил претседател да даде соодветни бодови. Дополни дека Советот тоа не може да го направи во моментот, ги нема елементите врз основа на што ќе се направат, а што е работа на првостепената Комисија за оценување, меѓутоа согласно чл. 97 тоа ќе го направи сега Комисијата за повторно оценување, доколку од страна на Советот на денешната седница се прифати приговорот и се донесе одлука за повторно оценување.
Прецизира дека тука се прави разликата во Законот што кажува дека ќе се прифати приговорот или ќе се донесе одлука за повторно

оценување. Потенцира дека прифаќање на приговорот може кога самиот приговор и самата фактичка состојба дозволува Советот веднаш да каже пропуштено е да се дадат пример 10 бода и нема потреба од повторно оценување.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека во поголем број од приговорите има повеќе наводи. Укажа дека нема дилема дека приговорите треба да се разгледаат целосно од страна на второстепената Комисија.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе бидејќи има одреден период кој Комисијата составена од судии не го оценила кандидатот како претседател, 10 месеци фалат во оценувањето, практично е доколку се оди на повторно оценување Комисијата за повторно оценување да ги констатира сите потреби по однос на приговорот, каде треба да се провери и утврди и евентуално од Комисијата составена од судии да побара да го дополни оценувањето со периодот кој недостасува, а не да се формира нова Комисија од судии.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека Советет треба да донесе одлука со која се прифаќа приговорот и се пристапува кон повторно оценување. Второстепената Комисија ќе изготви извештај во кој дел ќе се повтори оценувањето.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека нема причина во конкретниот приговор од кандидатот за судија во Апелационен суд за оценување од страна на Комисијата составена од судии. Укажа дека кандидатот е оценет во таа смисла согласно законот, односно оценети се 10 предмети. Посочи дека приговорот е во друга смисла, дека кандидатот е оценет само во периодот како судија, а не е земен во оценувањето периодот додека е претседател и додека е претседател, не работи предмети. Нагласи дека во тој дел недостасува оценка и затоа Комисијата формирана од страна на Судскиот совет за повторно оценување ќе може да го оцени посочениот период.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека има Правилник за оценување на претседатели. Укажа додека кандидатот е претседател не само што има предмети кои се судени како судија, туку има и предмети кои се решавани како претседател.

Посочи дека сите тие треба да се земат во обѕир кога се оценувало, меѓутоа да не се навлегува дали Комисијата од судии ќе работи или не, во моментот да се донесе одлука дали треба повторно оценување или не, па потоа постапката ќе ја преземе Комисијата за повторно оценување.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** и наведе дека Советот треба да ги прифати или одбие приговорите. Потоа, Комисијата за повторно оценување не изготвува одлука по повторно оценување, туку изготвува извештај. Укажа дека со тој извештај Советот се запознава со направените пропусти при првичното оценување и врз основа на наводите од извештајот Советот носи одлука.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека во случај кога се одбива приговорот ситуацијата е чиста, меѓутоа во случај кога Советот смета дека треба да се донесе одлука за повторно оценување дали и да се прифати приговорот? Укажа дека така како што е законската одредба би предложила да се донесе одлука за повторно оценување, а не прифаќање на приговорот. Доколку се прифати приговорот е проблематично дека се прифаќаат и наводите во приговорот. Посочи дека ќе се согласи со мнозинството, добро да се размисли да не се направи грешка во чекори. Упати прашање дали да се оди со предлог да се прифати приговорот и да се спроведе повторно оценување или со предлог за повторно оценување?

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека не може да се донесе одлука за повторно оценување ако не се прифати приговорот.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека тогаш кумулативно ќе се врзат, приговорот се прифаќа и се спроведува повторно оценување.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека согласно чл. 97 ст. 2 од Законот за Судски совет повторното оценување на работата на судијата и претседателот на судот се врши врз основа на извештај на Комисија составена од три члена на Советот, во која не може да членуваат лицата кои членувале во Комисијата која ја предложила оцената на судијата при првото оценување.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека согласно чл. 97 ст 1. од Законот за Судски совет Советот е должен во рок од 30 дена од денот на донесување на одлуката од членот 96 став (4), односно став (5) да изврши повторно оценување на работата на судијата и претседателот на судот. Укажа дека мора да има повторно оценување, а тоа се врши преку Комисијата која ќе достави Извештај.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** и упати прашање каде во законската одредба пишува дека повторно оценување врши второстепената Комисија? Не врши. Децидно и јасно е наведено дека приговорите треба Советот како тело да ги прифати или одбие. Укажа дека во зависнот од одлука која ќе се донесе ќе работи Комисијата за повторно оценување чија обврска е да изготви Извештај кој се достави до Советот. Посочи дека врз основа на Извештајот се одлучува за повторното оценување. Повторното оценување го врши претходната Комисија.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека првото прашање е што со така истакнатите приговори? Второто прашање што се наметнува е кој ќе одлучува во иднина по истите? Укажа дека се расправа за истакнатите приговори дали да се одбијат или прифатат или да се спроведе повторно оценување. Посочи дека приговорите треба добро да се разгледаат да се види дали се основани, па доколку се основани да се прифатат и да се пристапи кон повторно оценување. Нагласи Комисијата која ги донела одлуките, односно решенијата на кои се изјавени приговори да ги разгледа темелно приговорите и да излезе со став дали наводите кои кандидатите ги спорат се основани или неосновани, па потоа Советот да донесе одлука. Напомена дека првостепената Комисија мора да даде предлог, таа ги сумира резултатите, носи решение, одлука за оценување, на која одлука е изјавен приговор. Во приговорот се наведува во кој дел Комисијата нецелосно, погрешно се произнела. Дополни тие наводи да се проверат.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека има наводи каде може Комисијата да констатира дека има пропуст од нејзина страна, но има и ситуации каде треба да се одлучи дали е во право кандидатот или Комисијата.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека тоа што се прави спорно, а тоа е во чл. 97 од Законот за Судски совет дека Комисијата за повторно

оценување поднесува извештај. Потсети на записникот кој е усвоен, записник од 417-та седница каде што точка на дневен ред е разгледување и одлучување по извештај на комисии со предлог оценки. Укажа дека Советот го усвои извештајот на комисијата за оценка со предлог оценки. На тие оценки кандидатите поднесуваат приговор. По приговорот, по чл. 96 ст. 4 одлучува Советот, со следниот вид на одлуки одбива, усвојува или враќа на повторно оценување. Посочи дека кога ќе се усвои приговор и доколку Советот донесе одлука да се изврши повторно оценување стапува во работа комисијата за повторно оценување. Работи како што работела Комисијата за оценување, работи по усвоените приговори, тоа што не е оценето, тоа што е погрешно оценето, значи повторно прави извештај и го доставува на седница на Советот за усвојување.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека согласно чл. 10 од Правилникот за формирање и работење на Комисиите на Судскиот совет на Република Северна Македонија за редовно и вонредно оценување, Комисијата за повторно оценување постапува кога по поднесен приговор на одлуката на Советот за оцена на работата на судијата или на претседателот на судот, Судскиот совет односно Советот за жалби при Врховниот суд на Република Северна Македонија донел одлука за повторно оценување на работата на судијата или претседателот на судот во смисла на член 96 став 4 и 5 од Законот. Комисијата за повторно оценување изготвува и доставува до Советот извештај за повторно оценување на работата на судијата или претседателот на судот.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека Комисијата треба да даде оценка, Советот да ја утврди и да се изготви одлука.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** и наведе дека одредбата е дискутабилна, или се одбива приговорот, или се прифаќа приговорот или се носи одлука за повторно оценување, што значи дека има три вида на одлуки. Укажа дека не значи дека со повторно оценување ќе треба повторно да се оди во судот.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека ќе цени Комисијата за повторно оценување дали повторно треба да се свика Комисијата од судии, дали во тој дел има нешто што не е оценето. Укажа дека Комисијата

за повторно оценува изготвува извештај, Извештајот е оценување, тоа фактички е новата оценка.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека нема дилеми, како и првиот пат Советот ќе цени дали ќе ја прифати или не оценката, врз основа на Извештајот.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека не може Комисијата за повторно оценување да ја свикува Комисијата за увид и оцена, таа одлука може да ја донесе само Советот.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и упати прашање зошто го има ст. 2, дека во Комисијата не може да учествуваат тие што ја формирале претходната оценка?

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека Комисијата за повторно оценување врши оценување после добиените параметри од Комисијата за увид и оцена. Укажа дека недостасува еден момент кој не е познато како ќе се покрие. Посочи дека не е работа на Комисијата за повторно оценување да го оценува судијата во делот со увид на предмети во АКМИС системот.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека во писмена форма се материјалите прилог кон предметите. Укажа дека достапни се предметите на Комисијата за повторно оценување за анализа на истите. Посочи дека доколку се утврди пропуст на првостепената комисија ќе се корегира оценката или ќе се отфрли приговорот доколку правилно постапила првостепената комисија.

Нагласи дека првостепената комисија завршила со својата задача, ги формира оценките и ги дава на усвојување на Советот. Напомена дека понатаму не може корекции да прави првостепената комисија.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека формално мора Комисијата да изготви извештај кој ќе се достави до Советот за одлучување. Укажа дека Извештајот може ќе се прифати, може не. Конечната оценка ја има Советот, меѓутоа постапувањето по приговорите не значи дека повторно судиите ќе ја отпочнат целата постапка. Ќе се преоценува само делот посочен во приговорите.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека не е прецизен Законот. Доколку е прецизен сите ќе се едногласни. Укажа дека второстепената комисија треба да изготви Извештај врз основа на кој Советот ќе одлучува.

Посочи дека во конкретната ситуација треба да се усвои приговорот и пристапи кон повторно оценување.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот приговорот од кандидатот Александар Шопов, судија на Основен суд Велес против решение на Советот бр. 09-4/1 од 10.11.2022 година да се прифати и спроведе повторно оценување го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот поднесен од Александар Шопов, судија на Основен суд Велес, за вонредно оценување, за периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2020 година СЕ ПРИФАЌА.

ДА СЕ ИЗВРШИ повторно оценување на работата на Александар Шопов, судија на Основен суд Велес, за периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2020 година.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот Сашко Георгиев во својство на известител да продолжи со презентација на Извештајот.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека колегата Ацо Тасев има доставено навремен приговор по однос на добиената оценка каде меѓу другото наведува дека во периодот на 2019 година е оценет од Комисијата со 21,26 бода, а во 2020 година оценет е со 41,21 бода. Истакна дека судијата воедно наведува незадоволство во однос на 2019 година, бидејќи е видно дека не се вреднувани резултатите од Основен суд Виница каде бил делегиран 1 година од страна на Судскиот совет, односно за периодот од 01.05.2019 година до 30.04.2020 година каде што извршува работни задачи како судија во Основен суд Виница.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и упати прашање во однос на наведеното во приговорот, дали Комисијата за оценување го оценила судијата во периодот додека вршел судиска функција во Основен суд Виница?

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека при генерирањето на податоци прикажани се податоците само за Основен суд Штип, но не и за Основен суд Виница.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека тоа значи дека не е земен при оценувањето обемот на работа кога кандидатот ја извршува функција во Основен суд Виница.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот приговорот од кандидатот Ацо Тасев, судија на Основен суд Штип против решение на Советот бр. 09-8/1 од 10.11.2022 година да се прифати и спроведе повторно оценување го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот поднесен од Ацо Тасев судија на Основен суд Штип, за вонредно оценување за периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2020 година СЕ ПРИФАЌА.

ДА СЕ ИЗВРШИ повторно оценување на работата на Ацо Тасев, судија на Основен суд Штип, за периодот од 01.01.2019 годин до 31.12.2020 година.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот Сашко Георгиев во својство на известител да продолжи со презентација на Извештајот.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека има навремен приговор од колегата Андреј Димовски, судија на Основен граѓански суд Скопје каде што наведува повеќе основи од негово видување за неправилно, односно нецелосно оценување, меѓудругото дека во периодот на 2020 година се работи во услови на Ковид пандемија, дека сето тоа предизвикува застој во работата, како на судот така и на институциите, каде институциите не доставуваат доволен број на податоци во смисла на ажурност на постапување, а сето тоа доведува до други резултати при работењето на судијата.

Укажа дека судијата по однос на 2019 година особено истакнува дека во посочениот период од страна на Судскиот совет е упатен на работа во ЕСЧП во Стразбург каде постапува како судија, по основ на континуирано усовршување во судот, каде работи, постапува и е оценет позитивно од страна на агентот за оценување од судот, бидејќи работел и постапувал по 139 апликации.

Посочи дека судијата се повикува на магистарскит труд како стручно усовршување, а бил ангажиран и како ментор.

Нагласи дека сите наводи ги истакнува во приговорот како неутврдени од страна на комисијата.

Напомена дека судијата има негативна оценка, бидејќи во системот не е утврдено конкретно отсуството во 2019 година со неговото делегирање во ЕСЧП. Додаде дека Комисијата одлучи по закон, но од друга страна сериозно е за размислување и во тој дел треба да се позанимава повеќе второстепената комисија.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека во конкретниот случај е спорно од кого е пратен судијата и од кого е делегиран да оди во Стразбург. Побара да се објасни дали кандидатот е делегиран од судот, од Академијата, од Судскиот совет, дали за интересите на РСМ.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека нема дилема дека кандидатот е упатен од страна на Судскиот совет и дека му мирува судиската функција во период од 1 година од упатувањето во Стразбург.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека Советот не го упатил судијата, Советот само

констатира мирување на судиската функција, од причина што судијата е номиниран.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и предложи да се пристапи кон гласање и прифати приговорот и да се води сметка како може за боледувањата од 9 месеци да се сметаат само 3 месеци и просекот утврди врз основа на 15 месеци, а во конкретниот случај некој којшто ја претставува државата, стекнал знаење дополнителни што сигурно сега го вградува во своите одлуки Советот да го земе како казна.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека колегата во прилог на својот приговор доставува и докази коишто смета дека се битни, меѓу кое е решението дека судијата времено се упатува на континуирано доусовршување и обука во ЕСЧП. Укажа дека во образложението стои дека согласно Заклучок на Владата од 06.03.2018 година, во врска со информација за можност за стаж на национални судии во Европскиот суд за период од 1 година Судскиот совет објавува јавен повик за пријавување на судии од судовите на РМ и посочениот судија е упатен.

Посочи дека оценувањето треба да се прави врз основа на ефективното време во кое судијата работел како судија. Напомена дека кандидатот доставува и докази дека и таму е оценуван во својата работа, но Судскиот совет тоа не може да го цени, меѓутоа ефективното време во кое постапува како судија во државата треба да се земе во обѕир.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека Законот прецизно упатува кој период се зема како период на оценување. Укажа дека законодавецот имал во предвид дека судиите може да отсуствуваат и по 6 месеци и по 1 година. Посочи дека има ситуација каде што членовите на Судскиот совет од редот на судиите не се оценуваат во периодот додека се членови на Судскиот совет, а за избор на судија во повисок суд потребна е позитивна оценка во последните две години. Напомена дека и за нив тоа претставува еден вид на казна.

Во конкретниот случај никаде во Законот не пишува дека нема да се пресметува периодот кога судиската функција мирува. Законот го зема во предвид само боледувањето и тој период се одбива.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека  Комисијата се раководи по Законот и Методологијата за оценување и поради таа причина е донесена конкретната одлука и посочи дека приговорот на колегата не треба да се прифати.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека во случај кога се доставува докази како во конкретниот случај решение за времено упатување на судијата мора да се има тоа во предвид и покрај тоа што судијата не работи судски предмети. Укажа дека целта на оценувањето е да се следи од сите аспекти, не само работењето на судски предмети, туку и континуираното усовршување на судијата во одреден период што носи посебни бодови. Посочи дека можеби тоа не е земено во предвид во Методологијата, но Судскиот совет мора да го има тоа на ум кога оценува. Нагласи дека не може да се остави период од 1 година неоценет и бодовите добиени во 1 година да се поделат на 24 месеци.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека по однос на дополнителната едукација посебно се оценува и ефективното работно време не може да се покрие со тоа. Укажа дека неспорно е дека не е совршен ниту законот, ниту подзаконските акти и затоа тоа е повод за размислување да подзаконските акти кои ги носи Судскиот совет да ги прецизира. Посочи дека во Законот децидно е наведено за кој период е оценувањето и Комисијата не погрешила кога ја дава конечната одлука, бидејќи не може да се покрие годината што судијата ја имал за едукација, особено што доколку е така ќе се доведат во ситуација да се прифати дека судијата бил добар таа година и плус да се додаваат бодови за стручната едукација. Судијата иако не работи цела година ќе има од два извори бодови, што не е во ред. Напомена дека на крај зборува, ги слуша останатите внимателно, не сака да го наметнува своето мислење, меѓутоа сака и самата да се произнесе зошто и како ќе гласа.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе да не се заборави дека станува збор за еден од наводите, а има и други наводи во приговорот. Укажа дека конкретниот навод е специфичен, преставува голема дилема и најмногу се одразува на оценката, но во приговорот има и други наводи кои треба да бидат предмет на анализа.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека одлуката на Судскиот совет не е крајна. Укажа дека кандидатот има право на жалба до Советот за жалби.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и упати прашање на кој член од Методологијата ќе се повика зошто не се прифаќа приговорот?

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека нема да се прифати од причини што периодот на оценување е период од две години и судијата треба да се оцени за две години, во спротивно тоа не е праведно спрема останатите кандидати. Укажа дека има одлука на Судскиот совет, период на оценување е две години.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот приговорот од кандидатот Андреј Димовски, судија на Основен граѓански суд Скопје против решение на Советот бр. 09-2/3 од 10.11.2022 година да се прифати и спроведе повторно оценување го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 5 гласа „За“ и 7 гласа „Против“ предлогот не е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Андреј Димовски, судија на Основен граѓански суд Скопје, за вонредно оценување за периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2020 година СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

Решението на Судскиот совет на Република Македонија бр.09-2/3 од 09.11.2022 година СЕ ПОТВРДУВА.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот Сашко Георгиев во својство на известител да продолжи со презентација на Извештајот.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека од страна на колешката, судијата Џенета Бектовиќ, судија на Кривичен суд Скопје има приговор каде што истата во благовремен рок наведува свои видувања дека не е правилно оценета. Укажа дека притоа судијата наведува дека како судија во Одделот за

организиран криминал во периодот на 2019 година обемот на работа е зголемен со исклучително сложени и комплексни предмети. Судијата наведува постапување по кривични предмети, кривични совети во организиран криминал. Судијата наведува дека постапува по два исклучително сложени и обемни предмети познати како „Таргет-Тврдина“ и предметот „Трезор“. Посочи дека судијата наведува дека по постапувањето во Одделот за организиран криминал е прераспоредена од страна на претседателот на судот во Одделот за кривично полнолетни и како резултат на таква состојба наведува дека иако посакувала предметите не се завршени и следствено на тоа нема оценка во тој дел.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека по однос на конкретниот приговор, посочениот судијата е оценет и од страна на Комисијата составена од судии, па потоа и од Комисијата составена од членови на Судскиот совет и добива 177,84 бодови. Укажа дека Комисијата не може да оценува не завршени предмети и поради тоа не гледа причина да се прифати приговорот.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот приговорот од кандидатот Џенета Бектовиќ, судија на Основен кривичен суд Скопје против решение на Советот бр. 09-3/11 од 10.11.2022 година да се прифати и спроведе повторно оценување го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 3 гласа „За“ и 9 гласа „Против“ предлогот не е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Џенета Бектовиќ, судија на Основен кривичен суд Скопје, за вонредно оценување, за периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2020 година СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

Решението на Судскиот совет на Република Македонија бр.09-3/11 од 10.11.2022 година СЕ ПОТВРДУВА.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред.

**Точка 6**

(Разгледување на Извештај на Комисија за проверка на навременост на пријави и комплетност на документи по објавен оглас за избор на претседател на Апелационен суд Скопје)

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Миљазим Мустафа ја напушти седницата од оправдани причини.*

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека претставникот од Коалиција сите за правично судење ја напушти седницата*.

● По повод 6-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека точката е разгледана на 419-та седница. Укажа дека расправата по истата е прекината поради определени правни дилеми и не е потребно повторно да се реферира извештајот, бидејќи е стигнато до фаза на одлучување. Посочи дека од респект спрема колегите што не се присутни на посочената седница ќе се отвори расправа доколку има нешто дополнително да се изјасни, а за останатите се претпоставува дека остануваат на претходно истакнатото.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека неговиот став на претходната седница е поразличен од останатите, но сепак поради единството во Советот ќе гласа за поништување на огласот.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека на посочената седница и впрочем на секоја седница кога се одлучува за тоа кои докази треба да ги достави судијата при поднесување на пријава по објавен оглас нема дилема дека не прифаќа претеран формализам и во конкретниот случај се работи за недоставување на формален доказ. Укажа дека по однос на тоа од кога се смета исполнувањето на условите по однос на објавениот оглас ставот е непроменет, се смета од моментот на

поднесување на пријавите, што значи дека по однос на тоа е неспорно, а на работен состанок со колегите истото е констатирано. Но, имајќи во предвид дека мнозинството смета дека сепак треба и тој доказ да се бара, а имајќи во предвид дека огласот не е објавен онака како што е дискутирано во месец август, септември од седниците прифаќа да се пристапи кон гласање за предлогот за објавување на нов оглас за претседател на Апелационен суд Скопје.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека во документацијата на кандидатот, на судијата Ѓорѓи Радојков и по однос на Акцискиот план има проблем, затоа што се користат термини за цел период, а нема класичен Акциски план.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека останува на ставот дека не треба да се бара посочениот документ, но од причина што мнозинството веќе е произнесено должност е да се почитува одлуката на Судскиот совет. Укажа дека во иднина нема да се дозволат грешки при објавување на огласите за да и колегите не се доведат во непријатна ситуација.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека не смета дека фактите се неспорно утврдени, бидејќи има и спротиставени мислења. Не се согласи дека недоставување на документи по оглас претставува формализам, туку претставува точна законска обврска на кандидатот да согласно објавениот оглас ги достави потребните документи.

Во делот како се смета навременоста и исполнувањето на условите во согласност со тоа кога е објавен огласот, укажа дека во моментот на објавувањето на огласот секој кандидат треба да ги поседува сите документи и истите да ги поднесе. Посочи дека сосема е нешто друго дали во текот на траење на постапката за пријавување во меѓувреме кандидатот ќе исполни услови. Нагласи дека ирелеванто е дали пријавата со потребните документи наведени во огласот ќе се доставаат првиот ден од петнаесет дена или петнаесетиот ден. Напомена дека битно е во моментот на објава на огласот да кандидатот ги има потребните документи и ги исполнува условите.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека останува на сето кажано на 419-та седница. Укажа дека секој има право на свое размислување. Посочи дека спорно е дали

треба да се достави доказ за забрана за вршење дејност, професија или должност, но со оглед дека Судскиот совет веќе се произнел и мнозинството има став мора истиот да се почитува.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот за објавување на нов оглас за избор на претседател на Апелационен суд Скопје го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС ЗА:

- За избор на претседател на Апелационен суд Скопје.

*Претседателот на Советот* ***Весна Дамева*** *упати задолжување до ВД Генералниот секретар Весна Толева текстот на огласот да се достави до претседателот на Советот кој во координација со останатите членови на Советот ќе се разгледа на колегиум. Исто така укажа во иднина да не се објавуваат огласи од чија содржина може да произлезе проблем за понатамошното постапување.*

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред.

## Точка 7

(Разгледување и усвојување на Предлог за измена и дополнување на Програма и Акциски план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025 година)

● По повод 7-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека на 415-та седница од 07.09.2022 година од страна на Советот е донесена Програма со Акциски план за превенција и следење на корупција во судството 2022-2025 година, по што Работната група изготви измени кои ќе се преточат во консолидиран текст и ќе се објават на веб страната на Советот.

Во таа насока  му даде збор на членот на Советот Мери Радевска во својство известител.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека целта на Предлогот за измени и дополнувања на Програмата и Акцискиот план за превенција и спречување на корупцијата е да се инкорпорираат конструктивните забелешки дадени на тркалезната маса организирана од проектот Матра. Укажа дека откако се евидентирани забелешките и дел од нив се во правец да се подобри текстот, Работната група од Судскиот совет ги разгледа заедно со веќе усвоениот текст на Акциониот план со Програма и утврдено е каде се треба се дополни, односно да се поправи текстот кој е донесен. Посочи дека пред да се донесе Програмата и Акцискиот план Судскиот совет е запознаен дека ќе се одржи тркалезна маса, но предочено е дека треба да се донесат посочените акти, а на тркалезната маса да се изврши нивна презентација. Меѓутоа, таму е заземена насока во смисла дека се бара мислење или сугестии, па со оглед дека истите се дадени продуктивно е тоа што корисно да се внесе во Програмата и Акцискиот план и од таа причина е изготвен Предлог за измени и дополнувања на Програмата и Акцискиот план за превенција и следење на корупцијата во судството.

Нагласи дека извршени се технички промени, но има и промени во врска со редоследот на точките кои се наведени со нивно дополнување и прецизирање. Потоа, има внесување на дел од текст кој е изоставен и поделена е корупцијата во Судскиот совет и корупцијата во судството. Во однос на придонесот и перцепцијата за корупција дадена е проценка на ризици, меѓутоа одделен е придонесот за корупција во судството на други актери од корупцијата во самото судство. Технички има исправки, таму каде стои правосудство, променето е во судство. Внесен е придонесот на медиумите за лошата перцепција во судството за корупција. Потоа, во самиот Акциски план додени се измени во делот на временската рамка, каде што стои трајно сменето е со зборот континуирано. Во однос на Кодексот за етика на членовите на Судскиот совет ставена е прва половина на 2023 година, при што сменето е во втора половина на 2023 година и тоа како и уште две задачи се завршени. Имплементацијата е средена во однос на некои истакнати забелешки, макар што дел од забелешките се резултат тоа што не е прочитан Акцискиот план со Програмата. Исто така внесено е во точка 9 и точка 2 Здружението на судии во однос на обуката за примена на кодексите и овозможување на

подобар статус на судиите и вработените во судовите и членовите на Судскиот совет и вработените и актуелизирање на проблемите.

Предложи да се усвои предлог на измена и дополнување на Програма и Акциски план, а потоа да се изготви консолидиран текст кој ќе се објави на вебстраната со се она што е опфатено во измените и дополнувањата.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека направена е одредена корекција, но доколку и во наредниот период во текот на постапување се јави потреба, Програмата со Акциониот план ја носи Судскиот совет и повторно може да има корекции. Укажа дека ќе се усвојат измените, ќе се направи консолидиран текст, ќе се објави на веб страната, меѓутоа најважно од се е да се размислува што понатаму, кој чекори ќе се преземат, бидејќи Судскиот совет во наредниот период мора да преземе дејствија, чекор напред во насока на расчистување на корупцијата во судството.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

1. СЕ УСВОЈУВА измена и дополнување на Програмата и Акциониот план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025.

2. Да се изготви пречистен текст на Програмата и Акциониот план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025 и да се објави на веб страната на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 8-та точка од Дневниот ред.

## Точка 8

(Разгледување на извештаи за работата на судовите во РСМ за трето тромесечие за 2022 година)

● По повод 8-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека согласно чл. 36 ст. 1 ал. 14 од Законот за Судски совет, Советот ги разгледува и оценува тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите и истите јавно ги објавува на својата веб страница.

Укажа дека до Судскиот совет од страна на судовите во РСМ доставени се извештаи за нивната работа за третиот квартал на 2022 година за месеците Јули, Август, Септември 2022 година.

Во таа насока збор даде на членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова во својство на координатор за презентирање на седница на Советот на тримесечните и годишните извештаи за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Апелациониот суд Скопје и основните судови основани на неговото подрачје и Апелациониот суд Гостивар и основните судови основани на неговото подрачје и членот на Советот Мери Радевска во својство на координатор за презентирање на седница на Советот на тримесечните и годишните извештаи за работа на Вишиот управен суд, Управниот суд, Апелациониот Битола и основните судови основани на неговото подрачје како и Апелациониот суд Штип и основните судови основани на неговото подрачје.

Координаторите ја презентираа следната состојба:

<u>Врховниот суд на Република Македонија</u> месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 842 предмети, примил во работа нови 1040 предмети, и имал вкупно во работа 1882 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1018, а останале нерешени 864 предмети. Погрешно заведени нема.
Според наведените податоци Врховниот суд на Република Македонија не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 22 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Врховниот суд на Република Македонија се оценува како НЕАЖУРЕН.

<u>Апелациониот суд Гостивар</u> месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 885 предмети, примил во работа нови 1131 предмети, и имал вкупно во работа 2016 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1068, а останале нерешени 948 предмети.

Според наведените податоци Апелациониот суд Гостивар не го совладал приливот на предмети, и го зголемил заостатокот за 63 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Апелациониот суд Гостивар се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Гостивар месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 11380 предмети, примил во работа нови 8065 предмети, и имал вкупно во работа 19445 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 9141, а останале нерешени 10304 предмети. Погрешно заведени се 11 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Гостивар го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 1076 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Гостивар се оценува како АЖУРЕН.

Основниот суд Дебар месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 472 предмети, примил во работа нови 3462 предмети, и имал вкупно во работа 3934 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3406, а останале нерешени 528 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Дебар не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 56 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Дебар се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Кичево месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 3122 предмети, примил во работа нови 4979 предмети, и имал вкупно во работа 8101 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4386, а останале нерешени 3715 предмети.Погрешно заведени нема.
Според наведените податоци Основниот суд Кичево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 593 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Кичево се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Тетово месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 6691 предмети, примил во работа нови 13672 предмети, и имал вкупно во работа 20363 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 13993, а останале нерешени 6370 предмети. Погрешно заведени предмети 1.
Според наведените податоци Основниот суд Тетово го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 321 предмети.

Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Тетово се оценува како АЖУРЕН.

Апелациониот суд Скопје месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 6403 предмети, примил во работа нови 3332 предмети, и имал вкупно во работа 9735 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2843, а останале нерешени 6892 предмети.Погрешно заведен е 1 предмет.Во извештајот доставен од судот прикажани се 1 предмет помалку во остаток од претходен период и 1 предмет повеќе во примени нови предмети.
Според наведените податоци Апелациониот суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 489 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Апелациониот суд Скопје се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Велес месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 2704 предмети, примил во работа нови 6720 предмети, и имал вкупно во работа 9424 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 6503 а останале нерешени 2921 предмети. Во овој квартал 5 предмети се погрешно заведени.
Според наведените податоци Основниот суд Велес не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 217 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Велес се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Гевгелија месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 1029 предмети, примил во работа нови 3026 предмети, и имал вкупно во работа 4055 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2493, а останале нерешени 1562 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Гевгелија не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 533 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Гевгелија се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Кавадарци месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 893 предмети, примил во работа нови 2890 предмети, и имал вкупно во работа 3783 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2824 а останале нерешени 959 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Кавадарци не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 66 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Кавадарци се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Кратово месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 276 предмети, примил во работа нови 626 предмети, и имал вкупно во работа 902 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 577, а останале нерешени 325 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Кратово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 49 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Кратово се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Крива Паланка месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 1060 предмети, примил во работа нови 1189 предмети, и имал вкупно во работа 2249 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1071, а останале нерешени 1178 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведен предмет.
Во извештајот доставен од судот прикажани се 10 предмети помалку во прилив на нови предмети,5 помалку вкупно во работа и 5 помалку решени предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Крива Паланка не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 118 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Крива Паланка се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Куманово месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 4355 предмети, примил во работа нови 9267 предмети, и имал вкупно во работа 13622 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 8191 а останале нерешени 5431 предмети. Во овој квартал 3 предмети се погрешно заведени.
Според наведените податоци Основниот суд Куманово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1076предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Куманово се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Неготино месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 912 предмети, примил во работа нови 1722 предмети, и

имал вкупно во работа 2634 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1586, а останале нерешени 1048 предмети. Во овој квартал 2 предмети се погрешно заведени.
Според наведените податоци Основниот суд Неготино не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 136 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Неготино се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основен кривичен суд Скопје месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 15881 предмети, примил во работа нови 28708 предмети, и имал вкупно во работа 44589 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 24895, а останале нерешени 19694 предмети. Во овој квартал 2 предмети се погрешно заведени.
Според наведените податоци Основен кривичен суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 3813 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основен кривичен суд Скопје се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основен граѓански суд Скопје месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 15947 предмети, примил во работа нови 8794 предмети, и имал вкупно во работа 24741 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 7445, а останале нерешени 17296 предмети. Во овој квартал 10 предмети се погрешно заведени.
Според наведените податоци Основен граѓански суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1349 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основен граѓански суд Скопје се оценува како НЕАЖУРЕН.

Вишиот управен суд месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 630 предмети, примил во работа нови 618 предмети, и имал вкупно во работа 1248 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 634 а останале нерешени 614 предмети. Погрешно заведени предмети во овој квартал се 2 предмети.
Според наведените податоци Вишиот управен суд го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 16 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Вишиот управен суд се оценува како АЖУРЕН.

Управниот суд месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 5827 предмети, примил во работа нови 1697 предмети, и имал

вкупно во работа 7524 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1557 а останале нерешени 5967 предмети. Во овој квартал погрешно заведени се 5 предмети.
Според наведените податоци Управниот суд го не совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 140 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Управниот суд се оценува како НЕАЖУРЕН.

Апелациониот суд Битола месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 711 предмети, примил во работа нови 1198 предмети, и имал вкупно во работа 1909 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1120 а останале нерешени 789 предмети.
Според наведените податоци Апелациониот суд Битола не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 78 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Апелациониот суд Битола се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Битола месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 5710 предмети, примил во работа нови 9128 предмети, и имал вкупно во работа 14838 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 6697, а останале нерешени 8141 предмети. Во овој квартал погрешно заведени се 3 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Битола не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 2431 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Битола се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Крушево месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 416 предмети, примил во работа нови 464 предмети, и имал вкупно во работа 880 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 419, а останале нерешени 461 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Крушево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 45 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Крушево се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Охрид месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 5092 предмети, примил во работа нови 4232 предмети, и имал вкупно во работа 9324 предмети. Од овој фонд на предмети

решени се 3570, а останале нерешени 5754 предмети.Во овој квартал 2 предмети се погрешно заведени.
Според наведените податоци Основниот суд Охрид не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 662 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Охрид се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Прилеп месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 4355 предмети, примил во работа нови 3675 предмети, и имал вкупно во работа 8030 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3129, а останале нерешени 4901 предмети. Во овој квартал има 1 погрешно заведен предмет.
Според наведените податоци Основниот суд Прилеп не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 546 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Прилеп се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Ресен месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 648 предмети, примил во работа нови 1071 предмети, и имал вкупно во работа 1719 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 904 а останале нерешени 815 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Ресен не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 167 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Ресен се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Струга месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 4016 предмети, примил во работа нови 4545 предмети, и имал вкупно во работа 8561 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3761, а останале нерешени 4800 предмети.Погрешно заведени се 2 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Струга не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 784 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Струга се оценува како НЕАЖУРЕН.

Апелациониот суд Штип месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 789 предмети, примил во работа нови 866 предмети, и имал вкупно во работа 1655 предмети.Од овој фонд на предмети решени се 880, а останале нерешени 775 предмети.Во овој квартал нема погрешно заведени предмети.

Според наведените податоци Апелациониот суд Штип го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 14 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Апелациониот суд Штип се оценува како АЖУРЕН.

Основниот суд Берово месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 1013 предмети, примил во работа нови 760 предмети и имал вкупно во работа 1773 предмети.Од овој фонд на предмети решени се 611, а останале нерешени 1162 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Берово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 149 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Берово се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Виница месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 475 предмети, примил во работа нови 901 предмети, и имал вкупно во работа 1376 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 770 а останале нерешени 606 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Виница не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 131 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Виница се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Делчево месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 1221 предмети, примил во работа нови 1446 предмети, и имал вкупно во работа 2667 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1238, а останале нерешени 1429 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведен предмет.
Според наведените податоци Основниот суд Делчево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 208 предмети.

Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Делчево се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Кочани месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 2153 предмети, примил во работа нови 3051 предмети, и имал вкупно во работа 5204 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2486, а останале нерешени 2718 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Кочани не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 565 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Кочани се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Радовиш месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 1242 предмети, примил во работа нови 2249 предмети, и имал вкупно во работа 3491 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1961, а останале нерешени 1530 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Радовиш не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 288 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Радовиш се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Свети Николе месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 936 предмети, примил во работа нови 1259 предмети, и имал вкупно во работа 2195 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 951, а останале нерешени 1244 предмети.Погрешно заведени предмети нема.
Во извештајот од судот прикажани се 87 предмети остаток од претходен период помалку.
Според наведените податоци Основниот суд Свети Николе не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 308 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Свети Николе се оценува како НЕАЖУРЕН.

Основниот суд Струмица месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 3412 предмети, примил во работа нови 4981 предмети, и имал вкупно во работа 8393 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4990, а останале нерешени 3403 предмети. Во овој квартал е 1 погрешно заведен предмет .
Според наведените податоци Основниот суд Струмица го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 9 предмети.
Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Струмица се оценува како АЖУРЕН.

Основниот суд Штип месец Јули 2022 година го започнал со нерешени 4146 предмети, примил во работа нови 5511 предмети, и имал вкупно во работа 9657 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4833 а останале нерешени 4824 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Штип не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 678 предмети. Во третиот квартал на 2022 година Основниот суд Штип се оценува како НЕАЖУРЕН.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и истакна забелешка во однос на податоците кои се добиваат и укажа дека за наредниот период ќе мора да се изврши детална проверка и повеќе податоци да се доставуваат. Посочи пример со Врховниот суд, каде за број на пополнети судиски места стои 16 судии, а не е кажано дека има 2 судии на кој функцијата им е во мирување, значи станува збор за 14 судии.

Посочи дека во однос на извештаите треба да се земе во обѕир дека е период во којшто почнувајќи од месец јули кога има пензионирање на голем број на судии, значи намален е бројот на судиите што постапуваат во судовите и добар дел од неажурноста е од таа причина, а втората е причина е што кварталот е периодот кога е судската ферија, односно еден месец судовите не постапуваат.

Нагласи дека нема поинаков податок од координаторот на Основен суд Тетово и се повторува состојбата од претходниот квартал да и во тековниот квартал не е доставен извештај од посочениот суд.

Напомена дека согласно дискусијата на работните состаноци мора Советот да излезе со заклучок за задолжителноста на доставување на квартални извештаи од страна на судовите до Судскиот совет.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека се работи на случајот. Укажа дека има изјава од претседателот на Основен суд Тетово дека е доставен извештајот, но каде има затајување ќе се провери.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** и наведе дека упати прашање до координаторот за Основен суд Куманово да не станува збор за грешка во бројот од 1076 заостаток на предмети.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека зголемената бројка е како резултат на поголем прилив на

прекршочни предмети и тоа влијае на бројот на предмети кои не се решени.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека сака да сподели информација со колегите од вчерашниот состанок на Работната група за Стратегијата, а во врска со заостатоците и несовладување на приливот од страна на судиите. Укажа дека постојано се вели да не е совладан приливот на предмети, а основната причина, што е и факт е зголемен прилив на предмети, а намален број на судии, посебно во последниот период. Меѓутоа, посочи да не се заборави дека почнувајќи од судиите, претседателите на апеалционите судови, претседателот на Врховниот суд, Здружението на судии до здруженијата на граѓани, сите го констатираат истото, голем фактор во конкретната состојба во судството не е само недостатокот на судии, туку и на судска администрација. Нагласи дека како земја се критикувани за зголемена администрација, меѓутоа во судството, судовите имаат недостаток од минимум 30-40% од предвидените по систематизација места на администрацијата. Додаде дека причината за посочената состојба е и таквата околност.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека извештајниот период има и судска ферија, има и намалување на бројот на судиите по основ заминување во пензија, но во периодот од месец септември до крајот на годината бројот на неажурни судови ќе се измени и состојбата ќе биде поповолна.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека податокот не е добар ниту за судовите, ниту за Судскиот совет, меѓутоа неспорно е дека има објективни причини. Укажа дека Судскиот совет има механизам да испита и провери, во смисла да не се дозволи одредени судии знаејќи ја состојбата дека нема доволен број на судии, нема доволен број на администрација итн. да се приклонуваат на тоа и за сметка на тоа да трпат предмети кои би можеле да се завршат, користејќи ги објективните фактори да се тргаат на страна и да не се работат предмети коишто се доста стари и со тоа не ажурно да постапуваат. Посочи дека идејата е да се завземат повеќе како Судскиот совет, бидејќи веќе 2 години редовни посети во судовите нема, а мора да се покажат резултати и токму тоа ќе биде алармот да се детектира дали сите се објективни причини или не. Нагласи дека таму каде што не се објективни причините ќе се преземаат понатамошни дејствија да се констатираат истите.

*За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и упати задолжување до ВД Генералниот секретар Весна Толева по повод истакнатите забелешки од страна од членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова да се даде налог да се проверат и ажурираат податоците со цел во иднина да се имаат точни податоци.*

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет на Република Северна Македонија ги разгледа и усвои извештаите за работа на судовите за трето тромесечие за 2022 година.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева предлогот на членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесен е следниот:

З А К Л У Ч О К

Се задолжуваат претседателите на судовите во Република Северна Македонија навремено да доставуваат податоци за месечните извештаи за работата на судовите за стари нерешени предмети, заедно со Акциски план за решавање на истите, како и податоци за застарени предмети, а најдоцна до 15-ти во наредниот месец.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 8-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 9-та точка од Дневниот ред.

**Точка 9**

(Одлучување по поднесено барање за надомест на патни трошоци)

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека претставникот од Институт за човекови права ја напушти седницата.*

● По повод 9-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека поднесено е барање од страна на судијата Бојанчо Донев од Основен суд Велес. Укажа дека барањето се однесува за патни трошоци, бидејќи истиот е времено упатен за вршење на судиската функција во Основен суд Неготино сметано од 01.10.2022 година за период од 6 месеци од упатувањето. Посочи дека кон барањето судијата приложува потврда за цената на возниот билет на релација Велес-Неготино и обратно, изјава за непоседување во сопственост стан, куќа или викенд куќа од судијата или член на неговото потесно семејство на територијата на Основен суд Неготино заверена на нотар, одлука за избор на судија и решение за времено упатување.

Нагласи дека за конкретното прашање е разговарано на работен состанок во смисла на тоа дали мора да се утврди патни трошоци во висина на автобуски билет или може да се утврди патни трошоци за користење на сопствено возило од причини наведени во самото барање.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и упати прашање од причина што судијата повторно времено се упатува дали и во претходниот период има поднесено идентично барање и дали по истото Судскиот совет одлучувал.

За збор се јави ВД Генералниот секретар на Советот **Весна Толева** и наведе дека на посочениот судија претходно надомест на трошоци му е утврден согласно чл. 12 од Законот за платите на судиите, односно во висина на вистинските трошоци со превозно средство од јавен сообраќај.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека не само конкретниот судија и останатите судии de facto треба да уживаат право, но законски тоа не е предвидено. Укажа дека Судскиот совет делегира судии некогаш и без нивна согласност и се оставаат да ја трошат сопствената плата за гориво. Посочи дека треба да се борат за измена на законот.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека во Законот за плати на членовите на Судскиот совет нема можност да се утврдат трошоци за превоз со сопствено средство, меѓутоа во Собранието во 2018 година е донесен Закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ, со кој чл. 27 т. 2 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ се менува и гласи „надоместок за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели во висина на 20% од продажната цена на еден литар гориво според изминатиот километар за возилото кое се користи“.

Укажа дека во тој контекст членовите на Судскиот совет се исто така избрани и именувани лица, за нив важи lex specialis, меѓутоа тоа дава за право бара промена на тој lex specialis. Посочи дека не може судиите и другите избрани и именувани лица во Судскиот совет да се под останатите избрани и именувани лица.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на БОЈАНЧО ДОНЕВ, судија на Основен суд Велес за надомест на трошоци ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

На БОЈАНЧО ДОНЕВ, судија на Основен суд Велес му се СЕ УТВРДУВА

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 01.10.2022 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Неготино, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Велес-Неготино и обратно.

Барањето за надомест на трошоци за превоз во висина поголема од висината на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 9-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 10-та точка од Дневниот ред.

**Точка 10**

(Одлучување по поднесено барање за надомест на трошоци)

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Мери Радевска ја напушти седницата од причина што е подносител на барањето за надомест на трошоци.*

● По повод 10-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека од страна на членот на Советот Мери Радевска е доставено барање за надомест на трошоци, а во прилог се доставени докази за трошоци околу престојот во Скопје како град каде ја врши функцијата член на Судскиот совет. Укажа дека претходно е донесено решение со кое одлучено по однос на надоместот на патни трошоци, а за другите трошоци дополнително ќе се одлучи.

Предложи точката од Дневниот ред да се расправа на наредната седница, а да се размисли за донесување или не донесување на генерална одлука и врз основа на исходот на генералната одлука да се одлучува по барањето на членот на Советот Мери Радевска.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека во врска со дадениот предлог врзани се со законот. Укажа дека не е пријатно што така мора да биде, но за жал не може поинаку од законот и покрај тоа што постојат сознанија за лица од други институции дека ги добиваат тие трошоци. Посочи дека Законот, кој е lex specialis не дава можности тоа да се дозволи.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека идејата е да не се оди поединечно со член на Судскиот совет. Ако се донесе една генерална одлука таа ќе важи за сите. Прашањето е дали сега да се одлучува за членот на Советот Мери Радевска или не. Посочи дека не се прејудицира одлуката, ако се донесе одлука дека не се прифаќа, за никого нема да се прифати. Меѓутоа, да не се донесат во ситуација во моментот, под

претпоставка да се уважи барањето да се врзат во чвор, па да се каже дека членовите на Судскиот совет се фаворизираат. Нагласи дека во таа насока е размислувањето.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека потполно се согласува. Укажа дека не се работи за индивидуално прашање. Одлуката ќе има реперкусија за голем број на судии и членови на Судскиот совет. Посочи дека пред носењето на одлуката треба да расправа на колегиум.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека ќе се одлучи, со тоа што на работен состанок најпрвин сите правни аспекти ќе се разгледаат.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека поради дополнителни правни аргументации и прибирање на докази 10-та точка од Дневниот ред ќе биде дополнително разгледувана.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Мери Радевска повторно е присутна на седницата.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 10-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 11-та точка од Дневниот ред.

## Точка 11

(Одлучување по Известувања за фактичка состојба по поднесени барања за одговорност на судија/претседател на суд)

*Претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека за 11-та, 12-та и 13-та точка од дневниот ред јавноста се исклучува од седницата.*

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека во моментот во салата за седници нема присутени претставници од медиумите и друга поширока јавност.*

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека поради ангажираност на дел од членовите на Судскиот совет седницата се прекинува и истата е завршена во 15:15 часот.

Првото продолжение на 421-та седница се одржа на ден: 12.12.2022, понеделник во 13:25 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател
- **Мирјана Радевска Стефкова**, член
- **Ханиф Зендели**, член
- **Мери Радевска**, член
- **Зоран Герасимовски**, член
- **Лорета Горгиева**, член
- **Ивица Николовски**, член
- **Сашко Георгиев**, член
- **Мирсад Суроји**, член
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член
- **м-р Миљазим Мустафа**, член

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд
- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда
- **Павлина Црвенковска**, член

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секратар
- **Љубиша Арсиќ**, државен советник
- **м-р Вера Андрејчин**, советник
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присутво на медиумите и друга поширока јавност, и тоа:

- Преставник од **Институт за човекови права**
- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**
- Претставник од **СДК**
- Новинар и сниматeл од **ТВ Телма**

**Точка 12**

(Расправа по Извештаи за констатирана состојба по поднесени барања за одговорност на судија/претседател на суд)

Врз основа на чл. 39 ст. 2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот Весна Дамева предложи за 12-та и 13-та точка од дневниот ред јавноста да се исклучи од седницата.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја ИСКЛУЧИ ЈАВНОСТА од седницата за 12-та и 13-та точка на дневниот ред.

Се констатира дека присутните медиуми и друга поширока јавност ја напуштија седницата.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 12-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 13-та точка од Дневниот ред.

**Точка 13**

(Формирање на Комисии по поднесени барања за одговорност на судии/претседатели на судови)

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 13-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 14-та точка од Дневниот ред.

**Точка 14**

(Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија)

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Миљазим Мустафа ја напушти седницата од оправдани причини.*

Процедурално за збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека под точка разно е даден предлог и укажа дека соодветно е прво по тоа да се расправа и да се донесе заклучок за да може веднаш по претставките да се примени истиот. Прво, да бидат присутни стручните соработници што работат со членот кога тој ги излага своите претставки и второ, каде што е барана изјава од судијата по донесената одлука (каква и да е) да се извести судијата. Посочи дека тие два предлози се дадени писмено и добро е Советот да се произнесе за да може доколку се усвојат да се применуваат при одлучувањето по конкретните претставки.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогозите ги стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесен е следниот:

З А К Л У Ч О К

I.

На седниците на Судскиот совет на Република Северна Македонија на кои на дневен ред е ставено разгледување на претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, при реферирањето на претставката од страна на членот на Судскиот совет, на седницата да присуствува и стручниот соработник кој согласно Распоредот за работа на Судскиот совет за тековната година е распореден да работи со тој член на Советот.

II.

Во случај кога по определена претставка при постапувањето по истата е побарана изјава од судија, покрај известувањето до подносителот на претставката за основаноста или неоснованоста за истата, потребно е да се извести и судијата од кој е побарана изјава, а заради зголемување на транспарентноста на работата на Судскиот совет, во остварување на својата надлежност на заштита на самостојноста и независноста на судската власт.

Процедурално за збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека се појавува како спорно во однос на постапување по претставките тоа што некои претставки се поднесени од адвокати, а во претставката нема полномошно од странката за која се поднесува претставка адвокатот. Укажа дека постапувањето е различно и нема конкретен став на Советот дали во тој случај ќе се бара од полномошникот да достави полномошно од странката за да се поднесе претставка или не. Посочи дека постапувано е различно, се постапувало по претставката без оглед што нема адвокатот во конкретниот случај полномошно, а некогаш е барано адвокатот да достави полномошно од странката во чие име ја поднесува претставката. Нагласи дека согласно чл. 9 од Правилникот за начинот на постапување по претставки и предлози доколку во текот на постапката се утврди дека претставката, односно предлогот е поднесен во име на друго лице без овластување ќе се смета дека таквата претставка, односно предлог како воопшто да не е поднесен за што ќе се извести подносителот. Додаде да не се оди толку ригорозно, туку само да се побара полномошно, штом тоа е регулирано со Правилникот.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека во минатото Советот има пракса да бара од полномошникот да достави полномошно од странката во чие име се поднесува претставка. Во продолжение е завземен став дека даденото полномошно на странката во судската постапка е генерално и може да го опфати застапувањето на странката и пред Судскиот совет.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека не може да се знае дали е дадено генерално полномошно во предметот или не. Полномошно мора има, за да се има на увид, за да се знае за какво полномошно станува збор. Посочи дека е јасно кога во Правилникот е определено дека нема да се постапува кога е поднесена претставка во име на друго лице.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека доколку подносителот е неука странка да се укаже и

побара полномошно, но доколку подносителот е адвокат, а нема доставено полномошно да не се постапува по претставката.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека согласно чл. 8 од Законот за постапување по претставки и предлози органот кој постапува по претставките и предлозите не постапува по анонимна претставка, односно предлог освен ако се работи за прашања од јавен интерес утврден со закон. Укажа на одредбата за да се води сметка дека во таквиот случај нема обврска да се бара полномошно.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека со оглед дека дискусиите се во правец дека треба полномошно, а тоа го дозволува и чл. 9 ст. 2 од Законот за постапување по претставки и предлози каде вели кога органот кој постапува по претставки и предлози ќе оцени дека е потребно претставката, односно предлогот да се прецизира и да се доставaт докази при разгледувањето може тоа да го побара од подносителот. Укажа дека доказ е и полномошното и посочениот член визави одредбата од Правилникот дека треба во прилог на претставката да се достави полномошно е основа во таа насока предложи да се донесе заклучок.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека останува на тоа дека согласно чл. 8 доколку со оцени дека во конкретниот случај станува збор за работа од јавен интерес, независно од тоа што се нема полномошно да се постапува, бидејќи законската одредба е таква.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека тоа не е во конкретниот случај, има децидна законска одредба за анонимните претставки од јавен интерес. Укажа дека Советот постапувал и ќе постапува по таквите претставки. Посочи дека прашањето е поставено што ако не станува збор за анонимна претставка и согласно тоа предложениот заклучок, инаку за анонимните претставки од јавен интерес нема дилеми.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесен е следниот:

З А К Л У Ч О К

При постапувањето по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, полномошникот кој доставил до Советот претставка должен е да достави и уредно полномошно од подносителот кој го застапува, односно од чие име и за чија сметка е изразено незадоволство во претставката, а доколку не го сторил тоа, да се побара истиот во рок од 8 дена да го достави дополнително, во спротивно ќе се смета дека претставката не е поднесена.

**1.** За збор се јави претседателот на Советот **ВЕСНА ДАМЕВА** во својство на известител и пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Во продолжение се отвори расправа по излагањето на известителот.

По повод претставката УПП бр. 08-349/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе доколку наводите во претставката се однесуваат на пречекорени рокови не гледа причина зошто да се препраќаат на координаторите. Укажа дека секој кој постапува по предметната претставка треба да направи извиди во тој правец.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и упати прашање дали судијата во врска со роковите има дадено објаснување зошто доцни.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и реплицираше дека од страна на странката истакнато дека е повредено правото на судење во разумен рок, меѓутоа треба да се утврдат причините дали се субјективни или објективни. Укажа дека според подносителот прекршени се одредбите од ЗПП, без одржување на главна расправа по повеќе од 60 дена од приемот на второстепената одлука, така да во тој дел има пречекорување. Посочи дека се знае дека дел ќе бидат објективни причините, меѓутоа координаторот во рамки на редовното следење може да

констатира кај посочениот судија дали и во други предмети ги пречекорува роковите.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека од изложеното произлегува дека претставката е основана и од тие причини треба да се проследи до координаторот. Укажа дека ако се констатира дека рокот е пречекорен значи дека подносителот е во право. Посочи дека координаторот ќе ги утврди причините дали се субјективни или објективни. Нагласи дека кога ќе се оцени дека пропустот не е по вина на судијата нема да се поднесе барање за утврдување на одговорност.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека оценувањето што ќе се врши, меѓудругото е и врз основа на запазување на роковите, па Советот ќе ги цени во таа прилика.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и реплицираше дека за тоа да се цени мора да се констатираат причините дали се основани или не.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека на судијата е доставена претставката и истиот можел да одговори на сите наводи во претставката. Укажа дека судијата имал можност. Ако има објективни причини треба да се истакнат во одговорот, бидејќи затоа претставката се праќа на одговор.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и упати прашање какви се наводите на судијата?

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и реплицираше дека наводите на судијата се дека благовремено постапува по насоките на повисокиот суд дадени во донесената одлука, а странката наведува дека е насрочено после 60 дена.

Истакна дека претставката УПП бр. 08-349/22 се повлекува, од причина што до крај не се испитани наводите.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка **УПП бр.08-356/1** од 12.10.2022 година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен граѓански суд Скопје, по предметот П1.бр.477/20 и П1.бр.478/20, бидејќи го отфрлил тужбеното барање, поради неплатена судска такса иако претходно имал поднесено писмено барање за ослободување од плаќање на судски такси со приложени докази дека е социјален случај и дека нема приходи. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судијата и во истата е наведено дека со поднесувањето на тужбата не бил доставен доказ за платена судска такса за тужба. Такса за тужба не била платена ни во рок од 15 дена од поднесувањето на тужбата, па судот со решение од 08.10.2020 година, тужбата ја сметал за повлечена. По донесувањето на решението, на 09.10.2020 година, подносителот поднел барање за ослободување од плаќање на судски трошоци. Кон барањето биле доставени две уверенија за остварени приходи од УЈП за подносителот како тужителот и неговата сестра за 2017 година, што било спротивно на член 13 став 4 од Законот за судски такси дека странката приложува доказ издаден од надлежен орган за имотната состојба и тоа за период од 6 месеци пред доставувањето на предлогот. Кон барањето биле доставени и две потврди од Агенцијата за вработување со постар датум од 08.11.2019 година, според кои подносителот како тужителот и неговата сестра биле евидентирани како други лица кои бараат вработување од 28.11.2018 година. Против донесеното решение на ден 08.01.2021 година, подносителот вложил жалба но судот со решение од 20.01.2021 година ја отфрлил како ненавремена бидејќи решението било доставено на 04.12.2021 година, и го отфрлил како неоснован предлогот за ослободување од плаќање на судска такса. По приемот на ова решение подносителот како тужител изјавил жалба. На 19.03.2021 година доставил поднесок до судот во кој навел дека не е способен да ја плати судската такса за жалба кон кој доставил доказ за остварување на гарантирана минимална помош од МЦСР Карпош од 25.01.2021 година и дека користи парична помош за потрошувачка на енергенси во домакинството, па судот на 15.04.2021 година донел решение со кое го усвоил предлогот за ослободување од плаќање на судска такса. Апелациониот суд Скопје со решение ГЖ.бр.3036/21 од 14.07.2022 година, ја одбил жалбата како неоснована и го потврдил решението на првостепениот суд П1.бр.477/20, П1.бр.478/20 од

20.01.2021 година. Имајќи го во предвид наведеното. Советот утврди дека наводите изнесени во претставката се неосновани. Од причина што, согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Претставка **УПП бр.08-382/1** од 27.10.2022 година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судечкиот совет од Апелационен суд Гостивар по предметот ТСЖ.бр.78/22, бидејќи на 02.09.2022 година, донеле скандалозна одлука надвор од секоја правна норма, судска етика, пракса и обичаи и смета дека судечкиот совет не го имал во предвид одговорот на жалбата поднесен од тужителот.Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и утврди дека второстепениот суд дал свои образложени причини поради кои ја донел наведената пресудата бидејќи по сите изведени докази во текот на постапката судот не бил во можност со сигурност да го утврди долгот кој што тужителот го побарувал од тужениот поради што е одбиено тужбеното барање. Имајќи го во предвид наведеното, Советот утврди дека наводите изнесени во претставката се неосновани, од причина што, согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Претставка **УПП бр.08-399/1** од 09.11.2022 година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен суд Велес, по предметот П1.бр.19/19, односно од донесената одлука. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и во конкретниот случај констатира дека првостепениот суд донел пресуда со која го уважил тужбеното барање, по изјавена жалба втростепениот суд ја укинал првостепената пресуда и предметот го вратил на повторно одлучување. При повторното постапување судијата повторно ја донела истата пресуда. Наводите изнесени во претставката претставуваат жалбени наводи кои подносителот може да ги истакне во жалба поради што Советот утврди дека истата е

неоснована, а од причина што согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Советот ги имаше во предвид и наводите за пристрасно постапување на судијата по предметот, но смета дека истите се паушални и непоткрепени со докази, но доколку сте подносителот сметал дека има одредена пристрасност во текот на постапката можел да го искористи институтот изземање, но тоа не е сторено од негова страна. Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

**2.** Претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот **МИРЈАНА РАДЕВСКА СТЕФКОВА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Истакна дека претставката УПП бр. 08-265/22 е основана.

Истакна дека претставката УПП бр. 08-367/22 се повлекува согласно претходно донесениот заклучок со цел да се прибави полномошно за поднесување на конкретната претставка.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка **УПП.бр.08-214/2022**. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15 и член 36 став 2од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (“Службен весник на РМ”

бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 12.12.2022 година и по расправата констатира дека истата е неоснована од следните причини. Во претставката која се однесува на предметот П2-146/21 по тужба за развод на брак, меѓу другото, е наведено дека на рочиштето од 07.04.2022 година, од страна на подносителот биле доставени писмени докази за променета материјална состојба, по што расправата била одложена за 10.05.2022 година и било образложено дека детето, кое е на возраст од 14 години, треба да се сослуша повторно. Во претставката се наведува дека не е јасно зошто било одложено претходното рочиште, кога од страна на судијата, 33 дена не се превземени никакви процесни дејствија за новонастаната фактичка состојба, ниту пак била доставена уредна покана од страна на судот или од Центарот за социјални работи за повторно сослушување на детето. По спроведените извиди по наводите во претставката, како и согласно изјавата добиена од судијата кој постапува по предметот, Советот најде дека првото рочиште било одложено заради спојување на парницата со парницата што се води по предметот П2.бр.169/21 по тужба на Татјана Чапкуновски против подносителот како тужен. Воедно бидејќи не бил присутен подносителот на првото рочиште, а со тужбата бил предложен доказ распит на странки, судот го прифатил ваквиот предлог. Судијата во својата изјава наведува дека изразената волја на детето пред Центарот за социјални работи да живее со еден од родителите е еден од доказите кои ги цени судот како и тимот на Центарот за социјални работи при донесување на одлуката. Врз основа на горенаведеното, а како првостепената постапка е во тек, по донесување на мериторна одлука, доколку подносителот е незадоволен има право на жалба до второстепениот суд, поради што Советот констатира дека наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет на РСМ нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по било кој основ и од било кој субјект.

Претставка **УПП.бр.08-217/2022**. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15и член 36 став 2од Законот за Судскиот совет

на Република Северна Македонија ("Службен весник на РМ" бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 12.12.2022 година и по расправата констатира дека истата е неоснована од следните причини. Подносителот во претставката наведува дека на 16.02.2022 година поднел жалба против одлуката на Основниот кривичен суд Скопје КОК.бр.19/16 од 10.02.2022 година како полномошник на обвинетиот А.Ш.. Ова од причина што првостепениот суд донел решение со кое се запира постапката поради смрт на обвинетиот, без при тоа да наведе на чиј товар паѓаат трошоците на постапката. До денот на поднесувањето на претставката - 12.05.2022 година, според подносителот истата не била проследена до второстепениот суд на одлучување. Судот наместо да ја проследи жалбата на одлучување, во меѓувреме донел други решенија без да го сочека одговорот од второстепениот суд односно првостепениот суд и дал на жалбата третман на барање за трошоци за што донел решение КОК.бр.19/16 од 11.03.2022 година. Подносителот наведува дека во ова решение имало невистини бидејќи било наведено да трошоците на постапката паднат на товар на Буџетските средства на РСМ. Според него судијата 3 месеци не одлучувала по жалбата односно предметот го чувал во фиока. На 10.05.2022 година подносителот повторно поднел барање до судијата за да ја проследи жалбата до второстепениот суд, но му било одговорено дека тоа нема да биде сторено. Оттука смета да му било ускратено правото на двостепеност на постапката. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на претставкатаи изјавата на судијата кој постапувал по предметот, Советот најде дека судот со решениеКОК.бр.19/16 од 10.02.2022 година ја запрел постапката против обвинетиот Адем Шерифовски поради смрт. Подносителот на 16.02.2022 година поднел жалба против решението КОК.бр.19/16 од 10.02.2022 година во делот на одлуката на трошоците, а судот на таквата жалба и дал третман на барање за трошоци бидејќи во истата биле конкретизирани во вкупен износ од 81.899,00 денари односно во жалбата немало наводи во делот за запирањето на постапката. Со решениеКОК.бр.19/16 од 11.03.2022 година било одбиено како неосновано барањето за надомест на трошоците. Против ова решение била дозволена жалба до Кривичниот совет на првостепениот суд. Со решение КОК-КР.бр.196/22 од 04.05.2022 година Кривичниот совет на првостепениот суд ја одбил истата како неоснована. Подносителот на 10.05.2022 година до првостепениот суд доставил Барање за законито постапување, барајќи судот да постапи по жалбата против решението за запирање на кривичната постапкаКОК.бр.19/16 од 10.02.2022 година. Судот со решение од

17.05.2022 година ја отфрлил жалбата на подносителот поднесена на 16.02.2022 година и 10.05.2022 година против решението КОК.бр.19/16 од 10.02.2022 година со кое постапката била запрена поради смрт на обвинеиот, од причина што подносителот не докажа дека има легитимен интерес за поднесената жалба. Против ваквото решение поднесена е жалба од подносителот и предметот со сите списи е пратен до второстепениот суд на 16.06.2022 година на одлучување. Имајќи го предвид наведеното, Советот на подносителот му укажува дека второстепениот суд при одлучувањетопо поднесената жалба наводите во претставката ќе ги цени како жалбени наводи. Исто така, наводот во претставката дека судијата 3 месеци не одлучувал по жалбата односно предметот го чувал во фиока и со тоа му било ускратено правото на подносителот на двостепеност е неоснован бидејќи правото на двостепеност е остварено со поднесување на жалба до Кривичниот совет. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка **УПП.бр.08-265/2022**. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15 и член 36 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РМ" бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 12.12.2022 година и по расправата констатира дека истата е основана од следните причини. Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека пред Основен суд Штип заведен бил предмет П4.бр.12/21, за долг од 1.434.550,00 денари. Расправата по предметот била завршена на 16.02.2022 година, но до поднесувањето на претставката – 30.06.2022 година, иситот немал добиено одлука. Од спроведените извиди, увидот во претставката и изјавата на судијата кој постапувал по предметот, Советот најде дека пресудата била објавена на 16.02.2022 година, а завршната одлука била писмено изработена на 14.07.2022 година. Жалба била поднесена на 29.07.2022 година. Согласно член 362 од ЗПП, објавената одлука мора писмено да се изработи во рок од 8 дена, а во посложените предмети исклучително во рок 15 дена од денот на објавувањето. Судијата во својата изјава не дал објаснување дека постоеле оправдани причини за изработување на донесената пресуда по пет месеци од нејзиното објавување заради што Судскиот совет на Република Северна Македонија, во врска со предметот П4.бр.12/21 на Основен суд Штип, ќе преземе дејствија

согласно законските надлежности. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка **УПП.бр.08-353/2022**. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката (насловена како барање за ревизија на судска постапка) во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15и член 36 став 2од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РМ" бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 12.12.2022 година и по расправата констатира дека истата е неоснована од следните причини. Во претставката, меѓу другото, е наведено дека подносителките Е.М. и Е.К. се сосопственици на имот во Кавадарци. По аплицирање за кредит истите дознаваат дека имотот е под хипотека на лицето П.Д., заверен на Нотар. Нивниот татко И.П. во 2017 година направил договор за позајмица од Петар Дисански и била потпишана хипотека. Имало и полномошно со кое нивниот татко не ја кажал вистината околу барањето кредит од банка, додека на местото на Е. се потпишал тој како и на сите договори, предговори и хипотеки. Нивниот татко порано бил осудуван и се извинувал во судот за фласификување на потписи. Подносителките наведуваат дека од полномошното можело да се види дека И.П. немал овластување да договара и склучува договор за заем. После неколку закани од таткото, истите се обратиле во судот во Кавадарци. До судот бил ставен предлог за времена мерка. Таткото бил главен сведок на заемодавачот. Истиот изјавил дека подносителките знаеле за позајмицата. На предлог на адвокатите судијата одлучила да се спроведе графолошко вештачење во МВР Скопје. Според подносителките тука настанала целата збрка. Откако сите документи биле пратени во МВР Скопје, после неколку месеци од МВР Скопје вратиле одговор дека не можело да се утврди дали тоа бил потписот на подносителката Е.М. на спорните документи. Според нив од вратениот одговор се гледа дека била направена "ненамерна грешка" односно во "неспорните документи" бил подметнат "спорен документ". Со ова се доведувало во заблуда вештото лице. Потоа повторно судијата го пратила досието на графолошко вештачење. Во овој случај вештото лице Е.Ф. не реагирал на т.н. грешка, не ја ни приметил, намерно или не, и во неговиот одговор било наведено дека потписите не биле идентични, споредувајќи ги со спорен потпис. Додека се чекало вештачењето лицето Петар Дисански се обратил на извршител за

половина долг, за сума од 30.000 евра. Судијата го прифатила погрешното вештачење дека наместо “М.Е.” било напишано “Мтрева Елца” и донела одлука против предлогот за времена мерка односно го одбила како неоснован. Подносителките побарале ново вештачење од стручно лиценцирано вешто лице. Вештото лице Проф.д-р.Марјан Николовски направило увид во судот во Кавадарци, увид во доситето – изворникот со микроскопска опрема и по еден месец во вештачењето било наведено дека потписите не се совпаѓале односно не биле идентични. Била поднесена и нова тужба за ништовност на договори. Предметот повторно бил кај истата судија. Во оваа постапка судијата наместо да го отфрли вештачењето на Е.Ф., истата одлучила да направи усогласување на вештите лица. Додека се чекало на обид на усогласување на вештачењата на рочиштето од 07.07.2022 година тужениот П.Д. преку извршител праќа налог за извршување за останатата половина од наводиот долг од 30.000 евра и била закажана лицитација на 30.06.2022 година во 12 часот, 7 дена пред закажаното рочиште во суд. Лицитацијата била успешна и лицето П.Д. го купил имотот на прва лицитација како единствен понудувач. Вештото лице Проф.д-р.М.Н. го известува судот за неуспешно усогласување со вештото лице Е.Ф. и останува на своето мислење дека спорните и неспорните потписи не се совпаѓаат и не се идентични, додека вештото лице Е.Ф. не праќа никако одговор – став. Сепак судијата го пролонгирала целото судење со праќање на грешните документи за вештачење. Рочиште било закажано за 14.09.2022 година во тек на докажување и вештачење на потписи и според подносителките се било направено лицето П.Д. да го одбие објектот кој бил заложен со фалсификување на потписи и невалидно полномошно. На крај жалбата била одобрена и барањето за одлагање на извршувањето се одложило за 90 дена. На рочиштето од 14.09.2022 година било прифатено грешното вештачење на вештото лице Е.Ф. Заради тоа што не биле усогласени двете графолошки вештачења судијата донела решение за супервештчење на Бирото за судски вештачења. Следното рочиште било закажано за 22.12.2022 година. Од спроведените извиди, увидот во претставката и прилозите на претставката, Советот најде дека постапката по предметот на Основен суд Кавадарци П4.бр.3/22 е во тек и по донесувањето на мериторната одлука, доколку подносителките се незадоволни истите имаат право на правен лек - жалба, па воедно наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбен наводи при одлучувањето. Согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на

доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по било кој основ и од било кој субјект.

Претставка **УПП.бр.08-362/2022**. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15 и член 36 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РМ" бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 12.12.2022 година и по расправата констатира дека истата е неоснована од следните причини. Предмет на претставката е одлуката на Вишиот управен суд кој донел пресуда УЖ-2.бр.237/2021 од 06.04.2022 година со која жалбата на подносителката била одбиена како неоснована и првостепната пресуда У-5.бр.1979/2019 од 20.01.2021 година била потврдена. Подносителката смета дека истата била крајно незаконита и била само препишување на содржината на пресудата на Управниот суд У-5.бр.1979/2019 од 20.01.2021 година. Со наведената пресуда, Управниот суд ја одбил како неоснована тужбата на тужбата на подносителката против решението на Министерството за правда бр.09-3347/22 од 28.11.2019 година со кое истата била разрешена од должноста извршител. Подносителката наведува дека пресудата на Управниот суд У-5.бр.1979/2019 од 20.01.2021 година била препишување на пресудата на Управниот суд У-5.бр.438/2018 од 07.03.2019 година која не постои и произведува правно дејство. Оттука подносителката смета дека судиите на Вишиот управен суд, кои постапувале по жалбата, сториле суштествена повреда и погрешна примена на материјалното право односно постапиле несовесно и незаконито при вршење на судиската функција. Од спроведените извиди, увидот во претставката и изјавата на судијата кој постапувал по предметот, Советот најде во пресудата на Вишиот управен суд УЖ-2.бр.237/2021 од 06.04.2022 година е дадено јасно образложение за причините од кои се раководел судот при одлучувањето. При постапувањето на Министерството за правда било утврдено дека подносителката не ги исполнувала условите за именување односно во моментот на поднесување на пријавата по конкурсот истата не приложила Уверение за положен испит за извршители, согласно точка 2 од конкурсот. Кога судот одлучувал по жалбата имал предвид дека постапката била спроведена согласно Законот за извршување кој бил во примена кога бил објавен конкурсот. Во смисла на примена на Законот за извршување кој бил во примена по кој бил објавен конкурсот, кандидатите биле должни да достават и доказ – Уверение за

положен испит за извршител, кое нешто подносителката немала доставено, бидејќи не било издадено во рокот во кој требало да се достави документацијата. Подносителката испитот го положила на 27.10.2016 година, а Уверението било издадено на 28.11.2016 година. Согласно наведеното, по наоѓање на Судскиот совет на РСМ, во постапката по предметот на Управниот суд У-5.бр.1979/2019 искористен е правен лек и истата е правосилно завршена. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка **УПП.бр.08-389/2022**. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15 и член 36 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РМ" бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 12.12.2022 година и по расправата констатира дека истата е неоснована од следните причини. Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека во 2006 година истиот како купувач на деловен потфат со целокупниот имот на АД Тане Цалески во стечај, под закана бил принуден да стави дел од неговиот имот под хипотека во АД Комерцијална банка Скопје и ТЦ "Металика" ДОО Кичево која била основана само на неколку месеци. Кредитот бил одобрен за неколку дена. Под хипотека биле само легалните објекти, и тоа комлекс на поренашната АД "Тане Цалески", која сега бил во сопственост на подносителот. Подносителот поднел барање за легализација, а подоцна, после рокот за поднесување на барање за легализација, такво барање поднела и АД "Комерцијална Банка" Скопје. Меѓутоа банката не успеала да го легализира имотот и побарала истиот да го продаде. Во тоа успеала во 2016 година и го продала на фирмата "Итал Link" од Кичево за половична цена од искористениот кредит. Потоа банката склучила договор со фирмата "Итал Мармо", без негово знаење ОДУ.бр.823/15 и анекс ОДУ.бр.101/16. Бидејќи фирмата "Итал Мармо" не можела да ги легализира објектите истата поднела тужба против АД "Комерцијална Банка" Скопје и против подносителот, за признавање на утврдување на право на сопственост и легализација на дивоизградени објекти и право на приватизација на земјиштето. Со последната пресуда на Основниот суд Гостивар ТС.бр.6/21 од 24.08.2021 година тужбеното барање на тужителот "Итал Мармо" од Кичево било одбиено како неосновано, меѓутоа второстепениот суд со пресудата ТСЖ.бр.126/21 од 25.11.2021 година, ја преиначил

првостепената пресуда и го усвоил тужбеното барање на тужителот. Подносителот сметате дека ваквата пресуда е донесена незаконски од високи моќници во државата. Од спроведените извиди, увидот во претставката и прилозите на преставката, Советот најде дека во постапката по предметот на Основниот суд Гостивар ТС.бр.6/21 искористено е правото на правен лек – жалба и постапката е правосилно завршена. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

**3.** Претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот **ХАНИФ ЗЕНДЕЛИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка **УПП бр.08-244/1** од 13.06.2022 година - До Судскиот совет на Република Северна Македонија поднесена е претставка во која подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Основниот кривичен суд Скопје по предметот К.бр.1021/07. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката истата ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 12.12.2022 година и по расправата, констатира дека нема елементи за постапување на Судскиот совет на РСМ. Од направените извиди и прибраните податоци Советот најде дека во конкретниот предмет е постапено согласно со законските одредби и дека станува збор за завршен предмет. Видно од апликацијата „Контролник на судови“ Советот утврди дека одлуката К.бр.1021/07 од страна на првостепениот суд била донесена на 20.06.2013 година, дека подносителот го искористил правото на контрола на предметната одлука со поднесување на

жалба до второстепениот суд при што Апелациониот суд Скопје донел решение со кое жалбата е одбиена како неоснована, а првостепената одлука е потврдена. Согласно наведеното првостепената одлука станала правосилна на ден 11.03.2014година. Предметот на кој се повикува подносителот на преставката и по кој се постапувало во текот на 2019 година врз основа на поднесено барање од тогашниот бранител на подносителот на преставката, а со кој е барано да се изврши исправка на пресудата К,.бр.1021/07 е истотака завршен. По повод поднесеното барање од страна на Основниот кривичен суд Скопје е донесено решение К.бр.1021/07 од 08.11.2019 година со кое е извршена исправка на пресудата К.бр.1021/07 од 20.06.2013 година. Ова решение како што и самите наведува во преставката е составен дел на пресудата К.бр.1021/07 од 20.06.2013 година. Решението е обжалено од подносителот на преставката по што Апелациониот суд Скопје со своја одлука – решение КЖ.бр.367/20 од 04.06.2021 година жалбата ја одбил како неоснована, а решението кое е составен дел на пресудата К.бр.1021/07 од 20.06.2013 година го потврдил. По однос на барањето Советот да побара од судот најитно да донесе одлука по предлогот да се запре водењето на кривичната постапка К.бр.1021/07 и Советот да донесе дополнителна пресуда, Ве известуваме дека Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно одредбите од Законот за судовите нема надлежност да се впушта во испитување, менување или укинување на одлуките донесени од страна на судовите, па во таа насока ниту да бара превземање на одредено дејствие од судијата во вршење на судиската функција. Имено, во чл.11 ст. 1 и 2 е предвидено дека „ судијата одлучува непристрасно, со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите. Се забранува секој облик на влијание врз независноиста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по било кој основ и од било кој сунјект“. Надлежност за менување или укинување на одлуките донесени од страна на судовите имаат единствено повисоките судови кои во жалбена постапка ја преиспитуваат и преоценуваат веќе донесената одлука. Право кое подносителот го има искористено во наведената постапка. Согласно со наведеното Советот најде дека преставката е неоснована.

Претставка **УПП бр.08-321/1** од 09.09.2022 година - До Судскиот совет на Република Северна Македонија од страна на баранителот на лицето Сашо Струмениковски од Скопје, поднесена е претставка во која се изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Битола по предметот К.бр.25/21. Судскиот совет на

Република Северна Македонија ја разгледа преставката на седницата на Советот одржана на ден 29.11.2022 година и по расправата по истата го констатира следното: Основното јавно обвинителство Битола на ден 19.08.2022 година до Основниот суд Битола поднело предлог за определување на мерки на претпазливост спрема подносителот на преставката за кривично дело „Убиство“ од чл.123 ст.1 од КЗ.Согласно чл.146 ст.5 од ЗКП. Предлогот бил доставен до Апелационен суд Битола како суд пред кој се водела постапката, после донесена пресуда од Врховниот суд на РСМ КВП 2 бр. 76/2022 година. Апелациониот суд Битола предлогот за определување мерка на претпазливост со писмен допис КСЖ-106/22 од 22.08.2022 година го вратил во Основен суд Битола со напатствија дека надлежен да постапува е кривичниот совет при Основен суд Битола со оглед на околноста да пресудата К.бр.25/21 не била правосилна. Јавен обвинител на ОЈО Битола на ден 23.08.2022 година се откажал од предлогот за определување на мерки на претпазливост спрема подносителот на преставката за кривично дело „Убиство“ од чл.123 ст.1 од КЗ. Согласно наведеното кривичниот совет при Основен суд Битола донел решение КС-КР 253/22 од 23.08.2022 година со кое го отфрлил предлогот на ОЈО Битола, КО.бр.571/20 од 18.08.2020 година за определување мерки на претпазливост спрема подносителот на преставката. По донесување на наведеното решение било доставено барање до Апелационен суд Битола и до Врховниот суд на РСМ под итно да дадат напатствија и да го информираат кривичниот совет на Основен суд Битола дали решението на кривичниот совет на Основен суд Битола, КС-КР 380/21 од 12.10.2021 година со кое била продолжена мерката притвор спрема подносителот на преставката до започнување на издржување на казната, односно до правосилноста на пресудата К.бр.25/21 од 12.10.2021 година , но најдолго додека не истече времето на траење на изречената казна затвор за кривичното дело „Убиство“ од чл.123 ст.1 од КЗ согласно чл.174 СТ.4 и 5 в.в. со чл. 165 ст.1 точка 1 од ЗКП е во правна сила или не е во правна сила, односно дали решението на Основниот суд Битола КС-КР 380/21 од 12.10.2021 година треба да се достави до КПД Идризово и подносителот на преставката (обвинет) да се префрли во притвор во КПУ Затвор Битола или од страна на советот од Основен суд Битола да се донесе друго ново решение за продолжување на притворот, а по поднесено известување од Апелациониот суд Битола или судечкиот совет при Основен суд Битола. Апелациониот суд Битола со писмено известување – одговор КЖ-458/22 од 06.09.2022 година дал напатствија до кривичниот совет при Основен суд Битола дека

решението на кривичниот совет на Основен суд Битола КС-КР – 380/21 од 12.10.2021 година не е ставено надвор од сила. Кривичниот совет при Основен суд Битола постапувајќи по напатствијата на Апелационен суд Битола до КПД Идризово го доставил известувањето на Апелационен суд Битола КС-КР – 458/22 од 06.09.2022 година и решението на кривичниот совет на Основен суд Битола КС-КР – 380/21 од 12.10.021 година. КПД Идризово со известување бр.09-9945/5 од 15.09.2022 година до Основниот суд Битола доставил информација дека подносителот на преставката – ( обвинет) на ден 14.09.2022 година е спроведен во притвор во КПУ Затвор Битола. Воедно и КПУ Затвор Битола со известување бр.10-454/2 од 15.09.2022 година го информирало Основниот суд Битола дека подносителот на преставката од 14.09.2022 годиан, во 17,50 часот се наоѓа во притворското одделение на затворот. Врз основа на горе изложеното и направените извиди во доказите доставени во прилог со одговорот на судијата Советот не утврди незаконитости во постапувањето на кривичниот совет на Основен суд Битола од причини што во конкретниот предмет е постапено согласно со Закон. Истовремено подонсителот на преставката е известен дека Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка **УПП. бр.08-348/1** од 04.10.2022 година - До Судскиот совет на Република Македонија поднесена е претставка од полномошник на лицето Вебуш Авдилов. Во преставката се изразува незадоволство од судии кои постапувале по предметот ГЖ.бр.2380/22 на Апелационен суд Скопје. Судскиот совет на Република Северна Македонија ја разгледа преставката на седницата на Советот одржана на ден 29.11.2022 година и по расправата по истата констатира дека претставката е неоснована. Од направените извиди, приложените докази, изјавата на судијата известител, како и од увидот во одлуката за која се однесува преставката, се утврди дека судиите од Апелациониот суд Скопје кои одлучувале по предметот во жалбената постапка, врз основа на оцена на сите околности и докази донеле јасна и на закон заснована одлука. Врз основа на утврденото Советот констатира дека во својата одлука – решение ГЖ.бр.2380/22 судиите се произнеле и дале јасно образложени причини поради кои првостепената одлука се укинува. Решението содржи доволно

образложени причини за решителните факти од кои се раководеле судиите при одлучувањето. Неосновани се и наводите од преставката дека советот при Апелациониот суд Скопје одлучил надвор од закон од причини што не го применил чл.351 ст.3 од ЗПП, односно наместо да одржи расправа и со решението ГЖ.бр.2380/22 од 19.07.2022 година мериторно да одлучи, го укинал истото и предметот по трет пат го вратил пред првостепениот суд на одлучување кое нешто не било познато во досегашната судска пракса од причини што вакви одредби не содржел ниту ЗПП, ниту ВПП. Имено, судиите од Апелациониот суд Скопје при одлучувањето со оглед на околноста да во конкретниот случај во смисла на чл.368 од ЗПП станувало збор за жалба против решение, а не за жалба против пресуда одлучиле во смисла на чл.370 ст.1 т.3 од ЗПП односно решавајќи по жалбата, истата ја уважиле, решението го укинале и предметот да го вратиле на повторно одлучување. Членот 351 ст.3 од ЗПП кој го посочува подносителот би бил применет доколку се работело за пресуда и во тој случај би се донела одлука во смисла на членовите 355 и 367 од ЗПП. Истовремено, на подносителот му се укажува дека Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување или укинување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Ова дотолку повеќе што по повод ревизија поднесена од подносителот на преставката второстепената одлука ќе биде предмет на оцена и од страна на Врховниот суд на РСМ. Согласно со наведеното не се најдени елементи за нестручно и несовесно постапување на судиите од Апелациониот суд Скопје кои постапувале по конкретниот предмет од кои причини претставката е неоснована.

Претставка **УПП. бр.08-360/1** од 12.10.2022 година - До Судскиот совет на Република Македонија поднесена е претставка во која подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Управниот суд по предметот У 2 бр.409/21. Судскиот совет на Република Северна Македонија по расправата по преставката констатира дека во конкретниот случај незадоволството на подносителот се однесува на временскиот период на траење на постапката, односно не закажување рочишта без оправдани причини кое нешто создава индиции за одолговлекување на постапката. По направените извиди и извршениот увид во приложените докази се констатира дека при постапување по предметот У-2 бр.409/21 судијата не сторила повреда на законските одредби во насока на одолговлекување на постапката од кои

причини од страна на Советот не се најдени елементи за нестручно и несовесно постапување по конкретниот предмет. Имено, судијата по предметот постапувал согласно со закон, со почитување на законските рокови за постапување по поднесената тужба и благовремено превземање на процесните дејствија. Во таа насока на ден 14.09.2022 година, веднаш по приемот и проучувањето на списите на предметот У-2 бр.409/21, судијата издала наредба за насрочување, односно за одржување на јавна главна расправа за ден 18.10.2022 година. Четири дена пред одржување на закажаната главна расправа, односно на ден 14.10.2022 година од страна на подносителот на преставката до судот бил доставен поднесок - измена и дополнување на правните основи на тужбата и тужбеното барање. Поради наведената причина расправата закажана за 18.10.2022 година била одложена, по што била закажана нова главна расправа за ден 24.11.2022 година. За наведената расправа до тужената страна била доставена покана и поднесок за измена на тужбата. Согласно наведеното Советот најде дека во конкретниот случај нема неоправдано одложување на постапката по спорот од кои причини претставката е неоснована.

Претставка **УПП. бр.08-378/1** од 19.10.2022 година - До Судскиот совет на Република Македонија поднесена е претставка во која подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основниот граѓански суд Скопје, по предметот ПЛ1 – П-337/19.

Судскиот совет на Република Северна Македонија по разгледување на преставката констатира дека судијата на Основниот граѓански суд Скопје кој постапувал по конкретниот предмет, врз основа на изведените докази, донел одлука која е израз на негово слободно судиско уверување. Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Во конкретниот случај се работи за сеуште активен предмет, од кои причини во конкретниот случај подносителот на преставката може да го искористи правото на контрола на донесената првостепена одлука со поднесување на жалба до второстепениот Апелационен суд Скопје. Согласно со наведеното, наводите на подносителот изнесени во преставката се жалбени наводи и истите можат да бидат ценети само од страна на повисокиот суд, во случајов Апелациониот суд Скопје, кој согласно со одредбите од Законот за судовите, единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

**4.** Претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот **ЗОРАН ГЕРАСИМОВСКИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.
Истакна дека претставката УПП бр. 08-357/22 е основана.
Истакна дека претставката УПП бр. 08-237/22 се повлекува согласно претходно донесениот заклучок со цел да се прибави полномошно за поднесување на конкретната претставка.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по излагањето на известителот.

По повод претставката УПП бр. 08-357/22 се разви дискусија.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека одлуките на првостепениот суд ги цени повисокиот суд. Укажа дека во конкретниот случај се работи за судска одлука по однос на која повисокиот суд се произнесол и ја преиначил првостепената одлуката. Посочи дека за преиначените и укинатите пресуди при оценувањето се одземаат бодови на судиите или претседателите на судовите. Упати прашање што е спорно и од која причина претставката е основана?

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека без да навлегува во одлуката укажа дека за ист доверител се носат две решенија по ред каде се утврдува лимит и двете одлуки Апелациониот суд ги преиначува. Третата одлука којашто ја носи претседателот на судот не го дозволува лимитот. Посочи дека поентата е дека за иста правна работа се носат две различни одлуки.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека точно е дека има различни одлуки, но тоа е од причина што се следи ставот на повисокиот суд, бидејќи претходно два пати е преиначена одлуката.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека во првото одлучување првостепениот суд носи одлука со определување на лимит каде Апелациониот суд преиначува. Повторно кога се создаваат услови, кога доверителот поднесува

барање за извршување, повторно првостепениот суд носи лимит каде Апелациониот суд преиначува. Третиот пат барањето се одбива како неосновано и во таа насока е претставката на доверителот, како ќе ги наплати парите, затоа што одлуката на Апелациониот суд во посочените предмети не е задолжувачка. Укажа дека со одлуката на Апелациониот суд не може да се спроведе извршувањето, бидејќи во ППНИ предметите нема укинување, само преиначување доколку не е во ред одлуката. Посочи дека во таа насока смета за потребно да се направат дополнителни иследувања преку координаторот на судот.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека последната одлука мора да е спротивна кога има две преиначени одлуки. Укажа дека нелогично е и за третата одлука да се инсистира на истото.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека станува збор за односи помеѓу Општината како нарачател и повеќе странки кои се изведувачи на определени градежни работи. Укажа дека кога станува збор за субјектот ИТ ќе каже однапред дека има нарушени односи со Општината и судот служи за заштита на права на странките, дали е правно лице или физичко лице кога му е нарушено правото. Посочи дека ИТ е странка која бара заштита пред судот, меѓутоа тешко ја добива таа заштита со носење на одлуки кои не смеат да се носат. Претседател на суд не смее да носи одлука со која определува лимит и става една странка во привилигирана состојба, тоа е Општината, а друга странка е во неможност да го наплати своето побарување и за тоа има одлука од повисок суд. Нагласи дека во конкретниот случај за ИТ се носи одлука каде што лимитот се зголемува и се прифаќа барањето на Општина Тетово, а со тоа се оневозможува на ИТ да го наплати побарувањето, а за друга странка која е во добри односи со Општината во истиот момент се носи спротивна одлука. Додаде дека во конкретниот случај не се работи за ситуација после донесени неколку одлуки да од страна на претседателот се увидува дека одлуките се грешни па веќе не одобрува лимит. Дополни дека во конкретниот случај претпоставува дека се работи за нешто друго, за ИТ не може, а за другите може. Потенцира дека станува збор за недокажани работи, меѓутоа сака само да ги искоментира.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека колку што е запознат лимитирањето повеќе не постои како правна можност.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека при спремањето на претставката се консултира и со Апелациониот суд и со Врховниот суд. Укажа дека нема ниту мислење, ниту став дека лимитите се укинати, но има законски одредби од Законот за извршување коишто се изрични и кажуваат кога е во прашање парично побарување не се определува лимит. Лимит се определува кога се бара извршување на подвижни ствари и права од државен интерес на РСМ.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека не се согласува со истакнатото од страна на членот на Советот Ивица Николовски. Нагласи дека кога судот утврдува лимит не се прави разлика помеѓу странките. Укажа дека доколку постои сомнеж за нешто тенденциозно, координаторот на судот може да следи,  но посочи дека има различни одлуки од причина што се следи ставот на повисокиот суд кој ги преиначува претходните две одлуки.

По повод претставката УПП бр. 08-372/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и предложи да се повлече претставката, да се достави дополнувањето во материјалите, па да се расправа.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и согласи претставката УПП бр. 08-372/22 да се повлече.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП бр. 08-357/22 гласањето се издвои и се констатира дека со 5 гласа „За“ и 6 глас „Против“ предлогот на известителот не е усвоен и претставката е неоснована.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека се задолжува координаторот на предметниот суд со претставката УПП-08-357/22 со цел да изврши проверки дали*

*претседателот на судот во своето одлучување води сметка за дадените укажувања и одлуки на повисокиот суд.*

Во продложение се спроведе гласање за останатите предлози на известителот. По гласањето се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлозите на известителот се усвоени и донесена е следната:

О Д Л У К А

По претставката **08-122-22** - по предметот ПРКЖ.бр.1782/18, подносителот на претставката бил огласен за виновен со Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје ПРК-О-26/18 од 18.09.2018 година , за прекршок по чл. 69 ст.1 т.11 казнив по чл. 104 ст.1 т.11 од Законот за шуми.Против пресудата обвинетиот преку бранител вложил навремена жалба, а поднесен бил и одговор на жалба од страна на подносителите на барањето за поведување на прекршочна постапка.Апелациониот суд Скопје, постапувајќи по жалбата утврдил дека жалбата е неоснована, па донел пресуда ПРКЖ.бр. 1782/18 од 30.12.2020 година со која првостепената пресуда ја потврдил.Наводите истакнати во претставката за застареност се неосновани, од причина што за прекршокот по чл. 69 ст.1 т.11 казнив по чл. 104 ст.1 т.11 од Законот за шуми согласно чл. 41 од Законот за прекршоците, релативната застареност изнесува 5 години, а апсолутната застареност во секој случај изнесува 10 години.Предметниот прекршок е сторен на 17.01.2015 година па согласно наведените членови доколку не е донесена конечна правосилна пресуда, апсолутната застареност би настапила на 17.01.2025 година, така што Апелациониот суд Скопје законито и правилно постапил кога мериторно одлучувал по жалбата. Против донесената одлука, подносителот доколку сметал дека тоа е потребно, имал можност да вложи вонреден правен лек. Воедно, согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, според кои одредби Судскиот совет нема надлежност да преиспитува , менува или укинува судски одлуки.

По претставката **08-205-22** вршење на судиската функција- од страна на судот нотирано било на записник дека нема услови за тонско снимање, односно во судницата во која работел судијата немало услови за тонско снимање, ниту пак записничарот имал

стручна оспособеност за водење тонско снимање.Воедно секој записник што се водел во текот на постапката се читал на глас и истите се потпишани од странките со што била потврдена веродостојноста на истите. По однос на наводите за прецизирање на тужбеното барање судот согласно член 180 ст. 2 од ЗПП го усвоил прецизираното тужбено барање против кое решение не била дозволена посебна жалба, а како истото е управувачко решение во постапка, тужениот има право да го напаѓа со жалба против конечната одлука.По однос на наводите за истакнатите приговори од страна на тужениот, судот нотирал на записник дека за истите ќе одлучи заедно со главната работа, а по однос на наводите за спојување на постапката на списите ВПП-2/20 судот донел решение согласно Судскиот деловник и одредбите од ЗПП за водење на одвоена постапка за постапување на предлог за укинување на времена мерка.Воедно записникот од 16.03.2022 година бил потпишан на секоја страница од страна на полномошникот на второтужената, со што била потврдена веродостојноста на истиот.Во конкретниот случај подносителот на претставката ќе биде потребно да го сочека донесувањето на одлуката од страна на првостепениот суд , а потоа доколку е незадоволен од истата има право на жалба а наводите во претставката, доколку се изјави жалба ќе бидат предмет на оценка од страна на второстепениот суд.

Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

По претставката **08-242-22** -службена белешка - По претставките на подносителот Советот постапил и по претставката заведена под УПП бр. 08-66/21 од 22.01.2021 година, разгледана на седница на Советот одржана на 30.09.2021 година и по претставката УПП .бр.08- 96/22 од 31.03.2022 година , разгледана на седница на Советот одржана на ден 29.03.2022 година доставени му се известувања.Во конкретниот случај, од причини што во претставката УПП. 08-242/22 од 08.06.2022 година, разгледана на седница на Советот одржана на 12.12.2022 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување во смисла на чл. 11 од Законот за постапување по претставки и предлози( Сл. весник на РМ бр. 82 од 8 јули 2008 год следуваше дека најсоодветно е предметот да се архивира.

По претставката **08-253-22**- службена белешка -по претставката на подносителот Советот постапил и на подносителот доставено му е известување од 11.07.2022 година.Во

конкретниот случај, од причини што по претставката УПП. 08-253/22 од 11.06.2022 година, разгледана на седница на Советот одржана на 12.12.2022 година  веќе е одговорено на подносителот  и не се изразува незадоволство од постапување на одреден судија следуваше дека најсоодветно е предметот да се архивира.

По претставката **08-275-22** - Врз основа на спроведените извиди извршени од страна на Советот, претседателот на судот достави известување од судијата кој постапувал по предметот од кое произлегува дека судот на 07.03.2022 година во присуство на тужителот лично и полномошникот на тужениот, ја заклучил главната расправа и објавил дека рочиштето за објавување на одлуката се закажува за ден 15.03.2022 година , кога судот ја донел и објавил одлуката и донел Пресуда П1 бр. 800/19 од 15.03.2022 година. Писмено изработената одлука била доставена до тужителот и полномошникот на тужениот и на 09.05.2022 година била изјавена жалба, по што предметот со сите списи бил испратен на одлучување во Апелациониот суд Скопје на ден 22.06.2022 година .Според тоа, имајќи предвид дека содржината на претставката по однос на изразеното незадоволство од донесената одлука истовремено претставува жалбени наводи, истите ќе бидат предмет на разгледување, анализа, оценување и одлучување од страна на второстепениот суд, кој суд е надлежен да ја испитува законитоста на судската одлука и да ја цени основаноста на жалбените наводи, па врз основа на констатациите да ја потврди, измени или укине првостепената одлука, се со цел за пресудување во согласност со законот. Изнесеното, имајќи предвид да во смисла на член 13 точка 3 од Законот за судовите (Сл. весник на Република Македонија бр.58 од 11 мај 2006 година), - “Судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон“. Со оглед на наведеното, Советот нема ингеренции да интервенира во судските одлуки ниту пак да ги менува истите, па во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување.

По претставката **08-357-22**- Основен суд Тетово бил заведен предмет ИДС бр. 8/22 по кој е донесено Решение од 28.03.2022 година, со кое барањето било одбиено како неосновано. Поднесената жалба од страна на Апелациониот суд Гостивар била одбиена како неоснована и со Пресуда ГЖ.бр. 492/22 од 28.04.2022 година, Решението на Основниот суд Тетово ИДС бр. 8/22 од 28.03.2022 година било потврдено. По поднесено барање со предлог за определување минимум средства кои се неопходни за вршење на месечната дејност од 18.05.2022 година во Основен суд Тетово бил заведен предмет ИДС бр. 17/22, по кое е донесено

решение ИДС бр.17/22, од 15.06.2022 година, со кое барањето делумно е уважено.Апелациониот суд Гостивар постапувал по поднесените жалби на доверителот и извршителот , кои ги уважил , при што со Решение ГЖ.бр. 760/22 од 21.08.2022 година го преиначил решението на првостепениот суд и Барањето на должникот за определување минимум средства го одбил како неосновано.Ова решение во Основниот суд Тетово било примено на 30.09.2022 година и истото било доставено до странките веднаш, односно на 03.10.2022 година.Со оглед на наведеното , од причини што согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, според кои одредби Судскиот совет нема надлежност да преиспитува , менува или укинува судски одлуки. Воедно, во претставката има наводи кои се однесуваат на тоа дека постапувањето на Основниот суд Тетово во врска со дадените лимити и донесените одлуки во врска со истите потребно е да се поставаат под сериозна контрола од страна на Советот, па во врска со тоа потребно е Координаторот за Основен суд Тетово истите да ги провери и да ги утврди причините за наведеното.

По претставката **08-361-22**- во врска со постапувањето во предметот 9П1-81/22 (а не П1-87/22 бидејќи во тој предмет подносителката не е странка )судот донел решение П1-81/22 од 14.06.2022 година , со тоа што во образложението се дадени причините поради кои е одбиено тужбеното барање на тужителката,а одлуката на првостепениот суд П1-81/22 од 14.06.2022 година со Решение на Апелациониот суд Скопје Гж.бр. 2645/22 од 22.08.2022 година е потврдена.Воедно и од известувањето на судијата- известител во Апелациониот суд Скопје произлегува дека согласно Судскиот деловник – чл. 175 ст.3, предметите кои се укинати повторно се доделуваат на истиот судија кој работел на предметот, што значи дека со оглед да станувало збор за нарушено владение, Апелациониот суд Скопје, како второстепен суд го укинувал предметот бидејќи првостепениот судија не постапувал по напатствијата и донел Решение Гж.бр. 2645/22 од 22.08.2022 година со кое првостепената одлука е потврдена. Воедно, согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, според кои одредби

Судскиот совет нема надлежност да преиспитува , менува или укинува судски одлуки.

По претставката **08-363-22**-Во конкретниот случај подносителот на претставката ќе биде потребно да го сочека донесувањето на одлуката од страна на првостепениот суд , а потоа доколку е незадоволен од истата има право на жалба а наводите во претставката, доколку се изјави жалба, ќе бидат предмет на разгледување, анализа, оценување и одлучување од страна на второстепениот суд, кој суд е надлежен да ја испитува законитоста на судската одлука и да ја цени основаноста на жалбените наводи, па врз основа на констатациите да ја потврди, измени или укине првостепената одлука, се со цел за пресудување во согласност со законот. Изнесеното, имајќи предвид да во смисла на член 13 точка 3 од Законот за судовите (Сл. весник на Република Македонија бр.58 од 11 мај 2006 година), - “Судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон“. Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека се задолжува координаторот на предметниот суд со претставката УПП-08-357/22 со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.*

Процедурално за збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и предложи седницата да се прекине, и продолжи во петок.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира предлогот е усвоен и седницата е прекината во 17:00 часот.

Второто продолжение на 421-та седница се одржа на ден: 16.12.2022, петок во 09:15 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател
- **Мирјана Радевска Стефкова**, член
- **Ханиф Зендели**, член
- **Мери Радевска**, член

- **Лорета Горгиева**, член
- **Ивица Николовски**, член
- **Сашко Георгиев**, член
- **Мирсад Суроји**, член
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член
- **м-р Миљазим Мустафа**, член

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд
- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда
- **Зоран Герасимовски**, член
- **Павлина Црвенковска**, член

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секратар
- **м-р Вера Андрејчин**, советник
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присутво на медиумите и друга поширока јавност, и тоа:

- Преставник од **Институт за човекови права**
- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**

**Точка 14**

(Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија)

**5.** Претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот **МЕРИ РАДЕВСКА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се

јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка **УПП.бр.374/1** од 18.10.2022 година – во врска со незадоволство од незаконско постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот IXП4-837/17 поради намерно одолговлекување на постапката за одлучување по ревизија пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, со што подносителот е спречен навремено да ги оствари своите законски права, како оштетен во постапката по предметот. Советот најде дека во конкретниот случај судијата навремено ги презел сите процесни дејствија согласно одредбите од Законот за парнична постапка . Неосновани се и наводите за намерно одолговлекување на судската постапка од страна на судијата, со оглед на тоа што на подносителот-тужител по предметот во повеќе наврати и било укажувано дека сите поднесоци до судот треба да ги доставува навремено, со цел и спротивната страна биде запознаена со содржината на истите, но истото не било сторено, а рочиштата биле одложувани бидејќи на денот на расправите тужителката доставувала поднесоци и докази. Советот најде дека подносителот сам се застапувал пред судот, а воедно и не ја давал адресата на живеење/престојување.
Советот констатира дека наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува.

Претставка **УПП.бр.377/1** од 19.10.2022 година - незадоволство од постапување на судија на Основен суд Гостивар по предметот К.бр.399/22. Наведено е дека судијата постапува пристрасно по предметот и нестручно и несовесно ја врши судиската функција. Советот нема надлежност да ја преиспитува работата на судијата, како и донесената пресуда од причина што согласно чл.13 ст.3 од истиот закон судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон, а наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Согласно членот 11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во

вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Претставка **УПП.бр.385/1** од 31.10.2022 година во врска со незадоволство од постапување на судија на Основен суд Прилеп поради повреда на одредбите на Законот за парничната постапка при одлучување по предметот со основ смеќавање-нарушување на владение.Против првостепеното решение подносителот има можност да изјави жалба преку Основниот суд Прилеп до Апелационен суд Битола. Согласно тоа, наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Согласно чл.13 ст.3 од истиот закон судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Зоран Герасимовски е присутен на седницата.*

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека Соња Делевска од СДК и новинарот Васко Маглешов од БИРН/Призма се присутни на седницата.*

**6.** Претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот **ЛОРЕТА ГОРГИЕВА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

*Процедурално за збор се јави членот на Советот членот на Советот Зоран Герасимовски и истакна предлог да се изземе од расправата и одлучувањето по претставката УПП бр. 08-57/22 од причини кои можат да ја доведат во прашање непристрасноста при одлучувањето.*

*Процедурално за збор се јави членот на Советот членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова и истакна предлог да се изземе од расправата и одлучувањето по претставката УПП бр. 08-57/22 и УПП бр. 08-238/22 од причини кои можат да ја доведат во прашање непристрасноста при одлучувањето.*

*Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлозите ги стави на гласање.*

*По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлозите се усвоени.*

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по излагањето на известителот.

По повод претставката УПП бр. 08-52/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и потсети на досегашната пракса дека кога се работи за рокови тие претставки се затвараат како неосновани, со напомена дека почитувањето на роковите е еден од индикаторите за оценување на судиите. Укажа дека оценувањето ќе биде редовно идната година и ќе се одрази таквото постапување во однос на оценката на судијата.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и упати прашање до известителот дали е донесена одлука по жалба, бидејќи жалбата е изјавена на 15.06.2021 година?

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и реплицираше дека цитирани се наводите од второстепената одлука.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и се извини за превидот, но мора да забележи дека изјавата не е ставена во материјалите. Укажа дека се поклонува целосна верба на известителот. Упати забелешка до ВД Генералниот секретар во иднина да се внимава на комплетноста на материјалите.

Посочи дека по однос на роковите при оценувањето се зема во предвид и се согласи претставката да е неоснована имајќи го во предвид излагањето на известителот, но по однос на роковите, јавноста, односно странката која се бори за своите права во текот на судската постапка не ја интересираат објективни, субјективни или било какви причини за пропуштање на законските предвидени рокови. Нагласи дека странката не ја интересира дали судијата има стручен соработник, дали судијата има зголемен обем на предмети во работа и од таа причина е коментарот дека судиите се должни да ги почитуваат законските рокови и ќе се цени при оценувањето дали причините за одлагање се објективни или субјективни, па согласно тоа ќе се добие соодветна оценка.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека како и за сите други случаи, така и во конкретниот кога станува збор пречекорени рокови тоа ќе се земе во обѕир во рамки на евалуцијата на судиите.

По повод претставката УПП бр. 08-77/22 се разви дискусија.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека Советот има заклучок дека по однос на роковите ќе се внимава при оценување на судијата, но повторно се јавува проблем дека странките не можат да ги трпат последиците од пренатрупаноста на судиите. Укажа дека се работи за истиот судија, па освен при оценувањето каде ќе се има во предвид пречекорувањето на законските рокови, ќе се има во предвид и оценувањето по однос на бројот на поднесени претставки и основаноста и неоснованоста на истите, во поглед на интегритетот на судијата.

По повод претставката УПП бр. 08-132/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** и наведе дека од денот кога е завршен предметот до записник за советување се поминати 8 месеци. Упати прашање дали податокот е точен или станува збор за некаква грешка во системот? Претставката е од март месец, да не има некакви промени?

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека  конкретниот предмет П-288/18 за кој е поднесена конкретната претставка во делот на роковите од 20.04.2022 година се наоѓа пред второстепениот суд, Апелациониот суд Скопје и е во жалбена постапка.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** и наведе дека во системот стои на 18.03.2022 година донесена е пресуда, делумно усвоена. 04.03.2022 година записник за објава, 18.11.2022 година записник за советување.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека нема ништо спорно, тие се роковите.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека  навистина има проблем со бројот на судии, советници, записничари,  предмети и проблемот само ќе се зголемува, меѓутоа

во 2020 година не е така изразен проблемот во однос на бројот на судиите. Потсети дека има судии кои се разрешени од судиска функција заради непочитување на роковите. Укажа дека разбира непочитување на роковите инцидентно за еден предмет, неколку месеци, да се спомне и пандемијата, меѓутоа една година непочитување на рок е недопустливо. Посочи дека координаторот треба да ги провери состојбите во судот околку непочитување на роковите. Нагласи дека разбира непочитување на рок неколку месеци поради ферија, боледување, но една година не може да се чека правда од завршување на расправа до објавување на одлуката. Додаде дека нешто треба да се преземе за да знаат судиите ако не можат да ги пишуваат одлуките треба да решаваат толку предмети колку што ќе можат да напишат. Дополни дека мора самиот судија добро да менаџира, да направи баланс меѓу завршени предмети и изготвени одлуки.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека година дена е предолг рок да не се изготви одлука. Укажа дека сите објективни причини стојат, судијата бил на боледување, голем прилив на предмети, пандемија и се по ред и факт е дека особено Граѓанскиот суд има голем број на предмети, има и тешки предмети, меѓутоа се кога ќе се земе во обѕир година дена е недопустливо.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека состојбата во судовите е таква со недостиг на кадар, недостиг на многу работи кои донесуваат до такви ситуации. Укажа дека има повеќе судови во Републиката каде што одлуките не се навремено изготвувани од објективни, моментални причини.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека факт е дека состојбата со намален број на судии е реалноста во судството. Укажа дека факт е дека има и пандемија која допринесе до одолговлекување на сите дејствија во постапките, како со носење на одлуки, така и рочиштата се пролонгирани, меѓутоа бидејќи станува збор за долг временски период треба да обрне внимание и координаторот на судот, да изврши увид во предметите на судиите за кои има поплаки за пролонгирање на роковите. Посочи чисто да се провери текот на постапката, во сите случаи, подолг период station наназад да се земе во предвид и ако тоа е константна појава кај одреден судија не може да се остава на тоа дека има објективни причини заради зголемен број на предмети.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека состојбата со Основниот граѓански суд на сите им е позната и дискусиите се во ред, но назад ќе се врати, бидејќи од Советот е барано помош од страна на претседателот на Основниот граѓански суд да се делегираат судии за да може судот да посапува и да го совлада приливот. Укажа дека тоа ни од далеку не може да се направи со постојниот кадар. Посочи дека Основниот граѓански суд пред два дена има состанок во кој се констатира дека судии по 300, 400 па и 700 предмети имаат во работа. Нагласи дали некој смета дека тој прилив може да го совлада, топката повторно ќе се врати во Советот, што Советот прави во тој правец да се санираат состојбите. Додаде дека не оправдува тоа што година дена не е изготвена одлуката, меѓутоа ако се погледне на тоа што се става акцент се обично времените мерки и мерките кои се од итен карактер во тој дел да не се пречекорат роковите и да не се трпат штетни последици. Дополни дека генерално таа е состојбата кај сите судии во Основниот граѓански суд.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека неспорно е и општо познато дека е зголемен бројот на предмети и намален број на судии, не само за конкретниот суд, туку и за сите судови. Укажа дека има разбирање за сите објективни околности, но посоченото е крајно несериозно од страна на судијата и координаторот треба да го испита конкретниот случај.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека има толеранција за неколку месеци, но после година дена нема оправдување за странките. Укажа за толеранција во смисла дека последиците судијата ќе ги сноси при оценувањето, а тоа не е олеснително нешто.

Посочи дека како член и претседател на Судскиот совет нема видено извештај доставен на седница од страна на координаторот на Основен граѓански суд врз основа на којшто може да се анализира и констатира дали во конкретниот случај на Граѓанскиот суд му е неопходно делегирање на судии.

Упати прашање до координаторот дали е изготвен писмен извештај, освен тоа што неколку наврати известува дека контактира, дека комуницира? Има ли нешто по однос на бројот на судии, пречекорување на рокови, особено по извршена работна посета каква е состојбата со обемот на предмети во работа поединечно по судија, дали има некаде пречекорени рокови? Во таа

смисла дали координаторот има доставено до Судскиот совет за да се стави како точка на дневен ред за наредната седница?

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека на прашањето ќе одговори со прашање. Од кој од колегите координатори е доставен таков извештај?

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека координаторите следат и доставуваат извештај за работни посети.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и упати прашање дали бил предмет на одлучување таков извештај од било кој од колегите?

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и упати прашање до известителот каков е предлогот, дали претставката е основана или неоснована?

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека не може да се каже на странката дека претставката е неоснована, туку да се каже дека навистина се пречекорени роковите, но дека од објективни причини не е можно да се постапи и ќе се наведат кои се објективните причини поради кои не е постапено. Укажа дека доколку сметаат дека врз основа на наводите треба да поднесе барање за утврдување на одговорност остава на Советот за тоа да одлучи.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека претставките не се услов директно да се поднесе барање за утврдување на одговорност. Законот добро укажува дека треба да му се укаже на органот, во случајот судот на кои делови да обрне внимание и како да се надмине состојбата. Укажа дека не значи дека доколку претставката е основана мора да се поднесе барање за утврдување на одговорност. Посочи дека има начини за постапување и треба да се користат сите алатки.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека како претседател на Советот, бидејќи ги потпишува одлуките не е пријатно да се каже на странката дека е претставката е неоснована, а година дена се пречекорени законските рокови.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека на претходната седница е изгласана основана претставка за пречекорен рок од 3,5 месеци и мора да се воедначени во постапувањето. Укажа дека нема дилема дека треба да се внимава на начелото на еднаковост.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и потсети на претставката која ја реферира на претходната седница каде предлогот е дека претставката е основана и предлогот е усвоен, меѓутоа состојбата не е иста. Укажа дека се работи за 5 месеци не изготвена пресуда, со тоа што во изјавата на судијата не е наведено никаква причина зошто 5 месеци не е изготвена пресудата.

Посочи дека во конкретниот случај судијата дава причини, меѓутоа тие објективни причини што се наведени не се оправдани да година дена нема изготвена пресуда. Нагласи дека факт е дека судијата треба да менаџира со предметите што ги има. Напомена дека не станува збор за тоа дека судијата не го совладува приливот, не мора да го совладува приливот судот како суд, бидејќи нема доволно судии, меѓутоа тоа што е земено во работа во кои рокови се работи го менаџира судијата.

По повод претставката УПП бр. 08-238/22 се разви дискусија.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и изрази задоволство што колешката прави испитувања на работата на одредени членови на Судскиот совет кои постапувале по конкретната претставка, но зачудува фактот како е пропуштено да се увиди дека претставката не е потпишана, што е прв елемент кој треба да се провери и исто така зачудува фактот дека е потрошено 6 месеци за истражување на конкретниот предмет за на крај да резултатот да е идентичен со претходниот, а за други предмети се нема време да се побара изјава до судија зошто цела година нема изготвено одлука.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и упати прашање дали е критикувана дека постапува темелно? Укажа дека не зависно од тоа што нема потпис, сериозни се наводите во претставката. Посочи дека од друга страна има потпис на пликото, така што нема основа да не се впушти во расправа. Нагласи дека со самиот факт што 6-7 претставки за иста правна работа во континуитет поднесува еден ист подносител, со исти наводи и се затвораат со службена белешка, на мислење е дека сериозно е да

се одговори темелно на истото. Додаде дека не е случај дека е правена анализа на работата на колегите, барана е првата претставка за да се види дали има изјава од судијата на Основен суд Дебар кој постапувал по предметот. Дополни дека само од тие причини предметот е баран на увид, бидејќи сите други ги има, а посочениот предмет недостасува.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и даде коментар по однос на чл. 8 од Законот за постапување по претставки и предлози кој укажува дека не се постапува по анонимна, односно непотпишана претставка, освен ако се работи за прашања од јавен интерес. Посочи дека претпоставува дека колешката конкретното го смета за јавен интерес, во спротивно ќе се стави под знак прашање непристрасното постапување, но секој со својата совест.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека добиен е одговор од колешката дека е потпишано писмото во која е ставена ургенцијата, односно претставката и не може да се смета дека претставката е анонимна.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека упати прашање до претседателот на Советот што значи тоа пристрасно постапување?

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека иако не сака да навлегува во дискусија поединечно, особено заради почитта према колешката и присутните, истакна дека говори по однос на претставките кои стојат по година дена и не е земена изјава од судијата. Укажа дека има 3-4 претставки на една од претходните седници, на која е реагирано дека не може година дена да не е земена изјава, а во конкретниот случај интервентно е земено се. Посочи дека таквиот начин на постапување е во ред, а не претходниот каде што не се земаат изјави и неажурно постапува Судскиот совет и година дена station наназад не е реферирана претставка на седница.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека со секоја чест и почит према претседателот на Советот има многу материјали да се каже од кои причини нешто е реферирано или не, а дали секој од членовите на Советот кога постапува по претставка ќе бара изјава е нивна слободна оценка. Укажа дека доколку Советот смета поинаку за тоа заеднички се одлучува.

Посочи дека ако поентата е да се потенцира нешто друго, сите се доволно писмени и разбираат што се зборува.

Побара претседателот на Советот да се произнесе од која причина е повикана дека постапува пристрасно по претставките. Нагласи дека во секое време може да и се поднесе дисциплинска постапка, доколку постапува пристрасно во било кој предмет.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и укажа да се зачува нивното и да се почитуваат колегите, бидејќи еден час реферира, а трет ден трае седницата и колегите имаат најавено неодложни обврски, па во интерес на почитта кон колегите замоли да е пократка.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека не и дозволено да се произнесе. Укажа дека претставките се темелно изработени и се елаборираат така како што се сработени. Посочи дека од друга страна изразила негодување кога е сменет дневниот ред на седницата и нагласи дека претставките од ноември ќе се спојат со седницата за претставките за декември.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека не ја ограничува во дискусиите колешката, туку укажува да се почитуваат колегите, бидејќи најавуват оправдано отсуство. Посочи што се однесува до нејзе е слободна и е на работа до 19:00-20:00 часот.

По повод претставката УПП бр. 08-289/22 се разви дискусија.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека претседателот на судот поднесува иницијатива за измена на Законот за судска служба до Министерство за правда. Посочи дека истото е доставено на запознавање до Советот. Нагласи дека во насока на надминување на проблемот со кој подолг период се соочува судот, каде од процедурални пречки не може да се овозможат вработувања и тоа трае веќе година и повеќе, разговарано е со претседателот на Основен суд Неготино доколку постои законска можност за соработка помеѓу судовите за да не се губат одобрените вработувања да се стапи во контакт со одредени претседатели на судови за да се надминат проблемите. Додаде дека верува дека и Министерството за правда ќе наиде на разбирање на иницијативата и ќе предложи измени во тој дел.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека во врска со сите огласи претседателот на судот 2-3 години е во постапка и обид да проблемот се надмине преку претседателите од судовите од истото апелационо подрачје, но нема наидено досега на поддршка од ниеден. Укажа дека од таа причина многу вработувања се вратени назад, затоа што не може да се формира комисија, бидејќи претседателите од истото апелационо подрачје не сметаат дека треба да дадат свој вработен да се формира комисија. Посочи дека координаторите треба да бидат запознаени со состојбата.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека законските можности се тие и доколку нема соработка меѓу претседателите е проблем, меѓутоа ако нема соработка, бидејќи нема законска можност во тој дел е крив законодавецот што донел таков закон, а не е теретот на Судскиот совет. Укажа дека Судскиот совет во рамки на своите надлежности презема се.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Миљазим Мустафа ја напушти седницата од оправдани причини.*

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП бр. 08-57/22 гласањето се издвои и се констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот на известителот е усвоен.

Во врска со преставката УПП бр. 08-132/22 гласањето се издвои и се констатира дека со 3 гласа „За“ и 8 гласа „Против“ предлогот на известителот не е усвоен и претставката е основана.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека се задолжува координаторот на предметниот суд со претставката УПП-08-132/22 со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.*

Во врска со преставката УПП бр. 08-238/22 гласањето се издвои и се констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот на известителот е усвоен.

Во продложение се спроведе гласање за останатите предлози на известителот. По гласањето се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлозите на известителот се усвоени и донесена е следната:

О Д Л У К А

Претставка **УПП 08-52/22** во која се изразува незадоволство од судија на Основен граѓански суд Скопје кој постапува во спор по основ иселување од стан со надомест на штета. Според подносителот тужителот во спорот согласно решението на Основен суд Скопје 2 Скопје е ликвидиран во 2013 година  и нема активна легитимација бидејќи како правно лице е бришан од соодветниот регистар и нема правен следбеник, односно да се работи за фантом фирма која во содејство со судовите ги добива граѓанските спорови. Се укажува дека во спорот веќе е донесена првостепена пресуда на 29.09.2020 година која е изработена 8 месеци по дадените завршните зборови. Од прибавената изјава на судијата произлегува дека во тој период поради ковид состојбата кога повеќе судии користеле ковид мерки , сите нови предмети биле префрлани на судиите кои такви мерки не користеле и се здобиле со голем фонд на предмети, меѓу кои и судечкиот судија. Се посочува дека една година поради користење на ковид мерки судијата немал стручен соработник, ниту записничар, ни службеник во одделнеието, вооедно пренасрочувал сам преку 300 предмети, а во истиот период имал многу привремени мерки, итни предмети кои не трпат одложување и се со децидно определени рокови. Поради фактот што судијата во 2020  година бил на боледување и што месец јануари 2021 година користел втор дел од годишниот одмор поради рехибилитација, пресудата завршена на 29.09.2020 година ја изработил и верификувал на 31.05.2021 година и истата е потврдена во целост со пресуда на Апелациониот суд Скопје.Од увид во контролникот за работа на судот за конкретниот предмет се утврди дека на ден 29.09.2020 година евидентиран е записиник за објава, на 29.10.2020 година пресуда,  верифицирана на ден 31.05.2021 година и жалба на15.06.2021 година Советот изврши увид и во пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ-4597/21 од 12.01.2022 година со која овој суд жалбите на тужената против првостепената одлука ги  одбил како неосновани, а пресудата на Основен граѓански суд Скопје се потврдува во целост. Наводите на подносителот дека пресудата не била изработена во рок биле жалбени наводи и за истите се произнел второстепениот суд во

образложение на донесената пресуда. Ценејќи го овој навод судот наоѓа дека истиот не влијае и ниту може да влијае на законитоста на обжалената пресуда од аспект на правилна примена на материјалното право со оглед да се работи за релативна повреда која не придонесува за поинакво одлучување во конкретниот случај . Предмет на оценка пред овој суд биле и наводите дека првсотепениот суд требал да ја отфрли тужбата на тужителот бидејќи не постои како странка односно е бришан од централниот регистар но и овие наводи ги оценил како неосновани. Ова од причина што во посоченото решение на Основниот суд Скопје 2 Скопје е наведено дека ликвидациониот должник сега тужителот ќе биде изришан по правосилно завршување на постапката во кој сега тужителот се јавува како странка, а со истото решение назначените ликвидатори се овластени да ја застапуваат ликвидационата маса на должникот во сите поведени постапки до нивно правосилно завршување , па во оваа смисла предвид и одредбите од Законот за трговските друштва се додека правното лице не е избришано, истото има статус на правно лице и правен субјективитет да биде странка во постапката.Советот најде дека постоеле објективни причини во однос роковите за изработка на донесената одлука од страна на судијата на првостепениот суд, а по наводите на подносителот кои биле и жалбени наводи се произнел и Апелациониот суд Скопје како повисок надлежен суд.Воедно, Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно законските надлежности наводите од преставката ќе ги земе во предвид при следењето и оценувањето на работата на судијата што постапувал по конкретниот предмет.

Претставка **УПП бр.08-57/22** насловена како Пријава против судија на Основниот граѓански суд Скопје за стечајната постапка над имот на стечајниот должник. Подносителот бара Судскиот совет да превземе законски мерки за да си ја заштити својата сопственост како совесен и законит купувач во постапка врз основа на правосилно и извршно решение на Основен граѓански суд и бара да се утврди дека пресудата на Апелациониот суд Скопје содржи техничка грешка во адресата па бара повторување на постапката по пресуда на Основан граѓански суд Скопје и на Апелациониот суд Скопје а поради тоа што смета дека се работи за истиот имот кој се продава два пати. Од прибавена изјава на судијата кој постапувал по предметот произлегува дека со решение на Основниот суд Скопје 2 Скопје стечајната постапка е заклучена со напатствија должникот да не се брише од трговскиот регистар и со овластување стечајниот управник да ја дозаврши судската постапка. По завршување на стечајната постапка и добивање на имотен лист од

страна на стечјниот управник поднесен е предлог за преотварање на стечајната постапка .Неспорно во стечајната постапка била спроведена продажба на објект на понудувачот и купродажната цена е исплатена. Од страна на стечајниот управник е извршено и примопредвање на објектот , па владението на објектот го има подносителот на претставката. Во врска со имотот од како од страна на вонпроцесниот оддел се добиени барања за поништување на клаузулите на правосилност заведен е судски спор за утврдување на право на сопственост по тужба на тужителот против должникот во која постапка истиот требало да докаже дали се работи за истиот имот дали во стечјаната постапка купил подвижен имот кој подлежи на легализација или недвижен имот односно дали се работи з а истиот имот. Судот при ваква ситуација согласно законот за стечај во рамки на преотворена стечајна постапка , донел решение по службена должност, не ја прифатил понудата со образложение дека постапката не е спроведена согласно закон бидејќи во огласот не се наведени сите правни работи со кои требал да биде запознаен купувачот . Сите наводи во претстваката и дејствија за кои изразува незадоволство биле предмет на постапување во судска постапка по тужбата за утврдување на право на сопственост за која сега бара повторување.Од увид во решението на стечајната постапка се запира и се заклучува. Ова со оглед да за имотот на должникот се води судска постапка и по конечно завршување на истата во зависност од тоа дали имотот ќе биде имот на должникот не претствува пречка стечајната постапка да се преотвори.Предвид наведеното, Советот најде дека наводите во претставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-77/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет по кој е одлуката е изготвена за 300 дена од нејзиното донесување.Од прибавена изјава на судијата кој постапува по предметот произлегува дека подносителот по предметот барал преотварење на главната расправа, кое Основниот граѓански суд Скопје го дозволил, ги извел сите докази, по што донел пресуда со која го одбил тужбеното барање во целост и од таа причина сега подносителот незадоволен од примената одлука има изјавено жалба и предметот е пратен во Апелациониот суд Скопје.Во однос на наводите за почитување на роковите од прибавената изјава на судијата, известувањето на судот и увид во контролникот за работа на судовите произлегува дека во пресудата во уводниот дел е направена техничка грешка така да наместо донесена на 31.12.2020 година, стои дата 31.12.2021 година, а во последниот пасус стои

31.12.2020 година  односно да пресудата е објавена 31.12.2020 година, а завршна на 28.09.2021 година и истиот ден експедирана до странките . Гореизнесеното се констатира и од увид извршен во предметот па Советот ќе го има предвид почитувањето на законските рокови како критериум при оценувањето на работењето на посочениот судија.Со оглед да предметот е во жалбена постапка наводите на поднсоителот за текот на постапката како жалбени наводи ќе бидат предмет на разгледување, анализа, оценување и одлучување од страна на Апелациониот суд Скопје кој како непосредно повисок суд во жалбената постапка е надлежен да ја испитува законитоста на судската одлука, па врз основа на констатациите истата да ја потврди, укине или преиначи, се со цел за донесување на законита одлука,  а ова во смисла на член 13 точка 3 од Законот за судовите според кој:“Судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон“.

Претставка **УПП бр.08-132/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот . Според подносителот постапката по предметот е завршена на рочиштето на 04.03.2021година, а пресудата е изработена на 06.04.2022 година, со доцнење повеќе од една година што е спротивно на роковите од ЗПП.Од прибавена изјава на судијата произлегува дека судечкиот судија конкретната постапка се води по тужба з аисполнување догвор поведена од тужител со тужба на ден 03.04.2018 година против тужен сега подносител на претставката. Судечкиот судија го земал предметот во надлежност  заедно со околу 300 други предмети сметано од 23.09.2020година на кој датум се  вратил на работа по подолгото породилно отсуство, при што од стран ана претседателот ан судот е распределен да суди предмети од Оддел за имотни спорови и од истиот датум е задолжен со околу 300 тековни предмети. По конкретниот предмет пред да е отстапен во работа на судечкиот судија биле закажани 13 расправи, од судечкиот судија одржана една расправа од ден 24.02.2021 година кога е спроведена доказната постапка и истата е заклучена, а рочиште за донесување и објава на одлука закажано за ден 04.03.2021 година. Поради преоптовареност на судечкиот судија со предмети распределени сметано од денот на негово враќање на работа по боледување како и од причина што по најголем број распределени предмети во текот на 2020 година  од страна на претходните судечки судии од причини поврзани со вонредните мерки на сила поради пандемијата со ковид 19 , не биле превземани процесни дејствија , што довело до состојба на узревање за одлучување во голем број на предмети

откако се земени во работа од страна на сега судечкиот судија кои неколкукратно ја надминуваат ориентационата норма за завршени предмети на граѓански судија кој суди имотни спорови, а особено во периодот октомври 2020 година-јуни 2021 година, одлуката во конкретната судска постапка иако била донесена не била изготвена и експедирана до странките во соодветен рок од горенаведените причини па тоа е сторено сметано со датум 30.03.2022 година. На ден 03.10.2022 година предметот по жалба е доставен до Апелациониот суд Скопје и конкретната постапка е во фаза на одлучување пред повисокиот суд.Од известувањето прибавено од претседателот на Основниот граѓански суд Скопје по увидот во податоците од АКМИС системот е констатирано дека како датум на објава на одлуката стои 04.03.2021 година, изработка на одлуката е започната на 18.03.2021 година а завршена на 22.03.2022 година, кога е и верифицирана одлуката. Советот констатира дека е основана претставка во делот на роковите од ЗПП за изготвување на судска одлука .Претставката ќе биде проследена до координаторот на Основниот граѓански суд Скопје на запознавање и натамошно постапување .

Претставка **УПП бр.08-238/22** насловена како Ургенција во врска со претставка УПП -293/20 од 31.08.2020година за постапување на судија на Основен суд Дебар и судии на Апелациониот суд Гостивар Од увидот во списите на предметот УПП 08-293/20 се констатира дека преставката со истите наводи за постапување на судија на Основен суд Дебар и судии на Апелационен суд Гостивар е разгледана од Советот на седницата одржана на 30.09.2020година и известен е поднсоителот дека треба да го сочека исходот на поднесената ревизија пред Врховниот суд на РСМ.По извршена проверка во контролникот за работа на судовите за конкретниот предмет и од прибавена изјава на судијата на Основен суд Дебар се утврди дека Врховниот суд на РСМ донел решение со кое пресудата на Апелациониот суд Гостивар и пресудата на Основен суд Дебар ги укинал и предметот е вратен на повторно постапување пред првостепениот суд, по што е оформен предмет.По барање на подносителот поднесено до Врховниот суд на РСМ за делегирање на предметот Основен суд Дебар кај друг надлежен основен суд да постапува , Врховниот суд на РСМ донел решение со кое предлогот е одбиен како неоснован.Основниот суд Дебар на закажано рочиште на 11.11.2022година донел решение со кое е закажано рочиште за главна расправа на 23.12.2022 година, каде тужителот и тужениот преку нивните полношници се известуваат дека ќе биде изведен доказ со сослушување во својство на странка.Наводите во

претставката се неосновани бидејќи согласно одредбите од ЗПП судијата ги превземал сите процесни дејствија и врз основа на тогаш расположливите докази по што во претходна постапка била донесена одлука која со одлука на второстепен суд е потврдена, но по ревизија двете одлуки се укинати.

Претставка **УПП бр.08-279/22** се однесува на постапување на судија на Апелационен суд Гостивар Од прибавена изјава на судијата произлегува дека во конкретниот предмет по приватна тужба Апелационен суд Гостивар со пресуда жалбата ја одбил како неоснована, а пресудата на Основен суд Гостивар е потврдена .Во однос на наводите дека судијата постапува по граѓанска област и неслучајно е член на совет во кривичен предмет , поради познанство со адвокатот на спротивната страна и така делувал во одлуката на останатите членови, судијата наведува дека со решение на претседателот на судот судијата се опрделува да постапува као трет член на првиот тричелн кривичен совет на опвој суд по постапка пожалба по кривични предмети на закажаната нејавна расправа на 10.03.2022година, поради недостаток од еден судија кој користи годишен одмор, а за да може советот да постапува во полн состав.Наводите на подносителот за тоа дека судијата е корумпиран и непоштен, се наводи со кои се изразува незадоволство од донесената одлука и овие наводи поткрепени со докази може да бидат предмет на друга соодветна постапка , но не и од страна на Судскиот совет на РСМ.Предвид наведеното, Советот најде дека наводите во претставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-289/22** против одлука на Претседателот на Основен суд Неготино за вработување во судот за работно место судски соработник.Од прибавена изјава на претседателот на судот произлегува по добеиан согласно за вработување на тројца извршители на определено времно , Основниот суд Неготино распишал Јавен оглас бр.1/22 за двајца извршители на работно место “Судски соработник“ и еден извршител на работно место “Помлад судски соработник“.Подносителот на претставката конкурирал на првите два огласи бр.1/22 и 2/22 и два пати неговата пријава е отфрлена како неуредна (без лекарско уверение ). На третиот јавен оглас бр.3/22 за истото работно место се пријавил само еден кандидат за кој по отврање на пријаваат е констатирано дека ги исполнува општите и посебните услови по јавниот оглас, и донесена е одлука со која е избран единствениот кандидат.Во однос на наводите на поднсоителот за тоа дали судот имал потреба од вработувања, претседателот на судот ја оценува потребата од вработувања на определено или неопределено време , а преку Судскиот буџетски

совет Министерството за финансии ја цени оправданоста на овие вработувања со одобрување на финансиски средства за истите. За наводите на подносителот за оценка на работата на Државниот иннспекторат за труд кој на записник од извршен инспекциски надзор констатирал  дека избраниот кандидат ги исполнува условите и дека при увидот не се утврдени  неправилности во спроеведување на постапката, ниту  претседателот на судот ниту Судскиот совет неможат да ја ценат законитоста на работењето  на Државниот инспекторат за труд .Во однос на изнесеното дека избраниот кандидат на огласот користел породилно отсутво  за кое време го засновал работниот однос, се наведува дека се неосновани но од друга страна пак користењето на тоа породилно отсуство доколку би било така не е пречка за пријавување на кандидатот на оглас дотолку повеќе што би претставувало и основ за полова дискриминација при вработување. Предвид наведеното Советот најде дека наводите во претставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-294/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Струга.Од пријавена изјава на судијата произлегува дека судечкиот судија во работа му е доделен предмет.Исто така во работа му е доделен и предметот за утврдување на сопственост.Во однос на наводите дека судијата предметото го држела во прекин наведува дека постапката по предметот е во прекин со решение на судот донесено на рочиште на 03.07.2019 година за кое нема формална одлука, се до правосилно завршување на постапката по предметот и дека ќе продолжи кога полномошниците на странките ќе го побараат тоа од судот. По предметот донесена е пресуда со која тужбеното барање на тужителот е усвоено, а која со пресуда на  Апелациониот суд Битола  е преиначена и тужбеното барање одбиено, и со тоа постапката е правосилно завршена.     Со писмен поднесок од 31.05.2021година доствен до судот од полномошникот на тужителката во предметот побарано е продолжување на постапката по предметот која беше прекината. Со оглед да спсисте на овој предмет се споени кон кој е  доставен до Врховниот суд заради одлучување по поднесена ревизија од тужителот .За наведеното судот го известил поднсоителот со псимен допис од 10.08.2021година . Постапувајќи по изјавената ревизија Врховниот суд на РСМ донел одлука со која ја преиначил второстепената пресуда,  а ја потврдил првостепената пресуда на Основен суд Струга .Веднаш по добивање на одлуката на Врховниот суд судијата дал наредба да се донесе предметот на постапување. По добивање на списите по предметот, а бидејќи утврдил дека предметот е во прекин подолг од една година, па согласно член 216

став 4 од Судскиот деловник истиот се смета за решен, донел вакаво решение и побарал нов судски број за предметот. Закажано било рочиште на 13.09.2022година. Предвид наведеното Советот најде дека неосновани се наводите да предметот е држан во прекин намерно за да се причини штета односно да за таквото постапување на судијата по предметот постоеле објективни причини.

Претставка **УПП бр.08-331/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен кривичен суд Скопје.Од прибавена изјава од судијата произлегува дека пред овој суд се води кривична постапка поведена врз основа на предлогот за издавање на казнен налог сметан како обвинител предлог на ОЈО Скопје против обвинет за кр. дело -Напад на службено лице при вршење на работи од безбедноста од член 383 став 2 вв став 1 од КЗ. Во однос на наводите дека бил несоодветно третиран, малтретиран, повреден и злоставуван од службените лица на полицијата за време и по критичниот настан и дека без никакви докази е поднесено обвинение, не е во доменот на постапување и надлежност на судијата.Во однос на наводите дека по барањето за увид на обвинетиот поднесено на 01.11.2021 година судијата наведува дека е вистина да службеникот кој постапувал по предметите кои му се доделени со задоцнување на судијата односно на ден 25.11.2021година му е дадено барањето за увид, за што судијата веднаш и на лице место му одобрил на обвинетиот да изврши увид во списите, а за пропустот на службеникот е составена службена белешка . За тоа дека на обвинетиот не му било дозволено копирање на неговата преписка до Народниот правобранител судијата укажува дека ваквата преписка не претставува доказ во постапката па странката неможе да бара да и се издаде копија на нешто што не е доказ во постапката.Сите наводите на подносителот за сторени пропусти во работата и постапување на судијата во текот на постапката, дека сторил повреда на правото на обвинетиот односно незаконито постапување со оглед да постапката е во тек поднсоителот треба да се сочека исходот од истата, па доколку е незадоволен овие наводи на подносителот можат да бидат жалбени наводи .

Претставка **УПП бр.08-370/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Виш управен суд Од прибавена изјава од судијата произлегува дека пред Вишиот управен суд оформен е предмет по жалба против пресуда на Управен.Судот на ден 06.09.2022година донел пресуда со која жалбата на подносителот ја одбил како неоснована, а пресудата на Управниот суд ја потврдил. При донесување на одлуката Вишиот управен суд ги применил

одредбите од член 14 став 1, член 16 став 1, член 230 став 1 и член 239 став 1 од Законот за општа управна постапка.Имено, тужителот со предметната тужба барал поништување на акт кој што е правосилен, донесен од страна на тужениот орган и согласно напред цитираните законски одредби против таков акт неможе да се бара во управна постапка да се поништи истиот туку може да се изјави вонредно правно средство пред Управниот орган во смисла на член 249 до член 269 од Законот за општата управна постапка. Вишиот управен суд наоѓа дека правилно Управниот орган од увидот во ставениот штембил на обжаленото решение на првостепениот орган констатирал дека решението на првостепениот орган станало правосилно на ден 05.10.2001 година, а жалбата на тужителот била поднесена на 20.05.2010 година од кои причини тужениот орган утврдил дека во конкретниот случај жалбата треба се отфрли како недопуштена . Предвид наведеното, Советот најде дека наводите на подносителот се неосновани.

Претставка **УПП бр. 08-412/22** одлучи да се затвори со службена белешка и архивира.Со оглед да во претставката се изразува незадоволство од добиен одговор на Судскиот совет по претходно поднесена претставка која Советот ја разгледал на седницата одржана на 26.10.2022година, односно не се изнесени нови факти и околности туку се однесува на прашање за кои веќе му е одговорено на подносителот, Советот согласно член 11 од Законот за постапување по преставки и предлози одлучи по претставката да не се расправа.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Миљазим Мустафа повторно е присутен на седницата.*

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека новинарот Васко Маглешов од БИРН/Призма ја напушти седницата.*

**7.** Претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот **ИВИЦА НИКОЛОВСКИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по излагањето на известителот.

По повод претставката УПП бр. 08-192/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и упати прашање дали е доставена изјавата од судијата, бидејќи ја нема во материјалите?

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и упати задолжување до ВД Генералниот секретар на Советот во иднина доколку членовите на Советот не доставaт комплетни материјали за сите пријавени претставки, претставките нема да се ставаат како точка на дневен ред, бидејќи станува збор за непријатна ситуација.

По повод претставката УПП бр. 08-255/22 се разви дискусија.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека известителот наведува дека нема по однос на што се однесува судирот на интереси, евентуално сторени кривични дела или коруптивно однесување, туку е наведено дека само се обвинуваат преку судир на интереси судии, адвокати, а ги обвинуваат чесните граѓани. Укажа дека нема елементи за понатамошно постапување, но во друг случај иако е анонимна, иако е со нејасна содржина ако има за конкретни дејствија и конкретен судија би се презеле понатамошни дејствија.

По повод претставката УПП бр. 08-359/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека  спомнато е дека за истиот предмет има претставка кај друг член на Советот. Укажа дека основно прашање е дали се наводите исти или станува збор за нови наводи. Посочи дека ако се различни наводите предлогот може да биде неоснована.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека не е проверено дали се работи за исти наводи, бидејќи ја нема на увид претставката и нејзината соджина. Укажа дека податокот е во списите на предметот дека претходно е поднесена претставка.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека службите треба да ги спојуваат претходните претставки за ист судија од ист подносител и денес не може да се произнесе за претставката додека не се провери претходната претставка.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека со оглед на фактот дека се работи за предмет од Основен суд Дебар каде што судот има мал број на предмети се поставува реторичко и нелогично прашање дали не е малку долг периодот од 5 години да предмет за предавање во владение, без обѕир на се е во фаза на подготвително рочиште?

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и предложи да се повлече претставката и утврди дали со претходната претставка се исти наводите. Укажа дека ако се различни наводите да се постапува по претставката и нема оправдување за период од 5 години да се држи подготвително рочиште по било кој основ. Посочи дека по нарушено владение постапката е итна по Закон, а странките имаат право да ги користат своите правни лекови несомнено, но со водењето на постапката управува судијата и не смее да дозволи злоупотреба на примената на правните лекови од страна на странките.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека нема причина за повлекување, бидејќи и нови околности се тоа што сеуште не е завршена постапката. Укажа дека од последната одлука на Судскиот совет повторно постапката продолжува и во моментот може мериторно да се одлучи, меѓутоа остава на известителот дали ќе остане на предлогот или ќе се повлече претставката.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека останува на истиот предлог, затоа што се работи за постапка во тек. Укажа дека имајќи ја во предвид состојбата во судството и посочениот суд, судот во Дебар работи со еден граѓански судија, а од друга страна Апелациониот суд Гостивар е со недоволен број на совети и гледајќи ја временската разлика од достава на решение, па враќање на одговор од страна на второстепен суд поминува време, а друга страна се гледа дека странките преку полномошниците за секој предлог, за секој приговор бараат формално решение.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе предложи да се издвои гласањето по претставката.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова ја напушти седницата од оправдани причини.*

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП бр. 08-359/22 гласањето се издвои и се констатира дека со 5 гласа „За“ и 6 гласа „Против“ предлогот на известителот не е усвоен и претставката е основана.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека се задолжува координаторот на предметниот суд со претставката УПП-08-359/22 со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.*

Во продложение се спроведе гласање за останатите предлози на известителот. По гласањето се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлозите на известителот се усвоени и донесена е следната:

О Д Л У К А

По претставката **08-192-22** - обвинителниот предлог бил поднесен на 09. 03.2020 година , а заради ефикасност во постапувањето судот секогаш однапред давал термини па доколку секоја од странките го потврдела своето присуство, тој термин останувал.Обвинетиот бил со престојувалиште во Сојузна Република Германија каде се наоѓа на специјализација, па истиот доаѓал на рочиштата кои што судот ги закажувал.Предметот К.бр. 607/20 се наоѓа во фаза на супер вештачење, кое на ден 09.06.2022 година било изготвено и доставено до судот при што списите на предметот подолг временски период биле во Судско медицинскиот одбор на Медицинскиот факултет во Скопје, по издадена наредба за супер вештачење, но судот повеќе пати се обраќал со ургенции и телефонски јавувања до претседателот на Судско-медицинскиот одбор, од каде бил известуван дека се постапува по предметот, но со оглед дека се работи за сложен предмет каде што мора да се одговори на многу прашања, не биле

во можност да го изготват супер- вештачењето побрзо и истото е обемно и е доставено на странките. Од страна на судот биле преземени сите процесни можности за побрзо завршување на кривичната постапка,но самите законски застапници го оддолговлекуваат судскиот процес поради тоа што поднеле обемна листа на докази и бараат судот сите да ги изведе судот на главната расправа.Воедно, согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, според кои одредби Судскиот совет нема надлежност да преиспитува , менува или укинува судски одлуки.

По претставката **08-227-22** - во Основен суд Куманово на ден 30.08.2021 година била примена една тужба со предлог за издавање на привремена мерка , па истите биле заведени под број П1-110/21 и П1-111/21, односно тужбата заради мериторно одлучување е заведено под посебен број, а под посебен број бил заведен предлогот за издавање на привремена мерка.имено заведувањето било извршено на начин што –согласно заклучокот на работно тело за стандардизација на постапки во судовите- "тужбата ако е заедно со Барање за времена мерка, прво се евидентира предметот со барање за времена мерка за да како итен веднаш се додели на судија и истиот ден се евидентира и главниот предмет(со тужбата) и се поврзува со предметот со барање за времена мерка со причина – спојување на досие за да се додели на истиот судија".Конкретниот предмет П1-110/21, како итен предмет, предлог за издавање на привремена мерка бил заведен со "копче судија " и доделен на судија да постапува по истиот, согласно Годишниот распоред за работа .

По претставката **08-251-22** - наводите во претставката се неосновани и се однесуваат на факти кои веќе биле предмет на разгледување од повисок суд во постапка по правен лек или можеле да бидат предмет на разгледување од повисок суд, но не биле покренати со правен лек. Наведено е дека во претставката подносителот доставува адреса која е непостоечка, која не е адреса од негова лична карта, но оставена за кореспонденција, меѓутоа според именикот на улици издаден од ЈП Улици и патишта постои единствено магистрална улица и тој дава невистинити податоци .Предметот П1 581/12 бил завршен со правосилна и извршна одлука од 06.03.2013 година, и по бројни поднесени дополненија, предлози за повторување на постапката и слично е презаведуван во П4.бр1829/14, П4-1012/17 и П4-949/18.Воедно

дека подносителот на претставката како тужен доставил л. к. од која е евидентна адресата во време на водењето на постапката по предметот П1-581/12, од каде не бил одјавен.По однос на доставницата која подносителот ја нарекува клучна, судијата наведува дека истата била предмет на преоцена на доказите по предлогот за повторување на постапката , но истата воопшто не е круцијална и клучна бидејќи судот точно една година се обидувал на тужениот да му достави тужба со докази, покана за одговор на тужба и покана за рочиште со повеќе препорачани пратки.Со оглед дека доставата за тужениот со која му се доставувала тужба со докази, покана за одговор на тужба и покана за рочиште не ја примил, Државниот правобранител по задолжение на судот се обратил до МВР-СВР Битола, од каде со писмено известување од 28.11.2012 наведен е извештај во кој е посочено дека - сега подносителот не бил одјавен од СВР Битола. По ова судот уредно постапил и доставата ја извршил преку огласна табла на судот согласно одредбите од ЗПП.Сите наводи меѓу кои и начинот на вршењето на доставата биле предмет и на повторување на постапката во предметот П4-1829/14 од 18.03.2015 година на Основниот граѓански суд Скопје, потврдена со решение Гж.бр. 5291/15 од 22.01.2016 година.По однос на наводот во претставката за тоа дека не му е одговорено на подносителот на поднесок од 05.05.2022 година, судијата наведува дека не е точно затоа што подносителот е запознаен дека во наведениот период предметот се наоѓа во Апелациониот суд Скопје на одлучување по дополненијата на жалбите. По враќање на предметот од второстепениот суд, на подносителот ќе му биде одговорено на поднесокот.Воедно, согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, според кои одредби Судскиот совет нема надлежност да преиспитува менува или укинува судски одлуки. Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

По претставката **08-255-22** - Во конкретниот случај се работи за претставка во која се изразува незадоволство на подносителот од постапување по предмет КО 668(нема од која година ) на ОС Прилеп, без конкретно да е наведено за што се однесува и во што се состои неговото незадоволство, а воедно во конкретниот случај не се работи за прашање од јавен интерес.Со оглед на наведеното, Судскиот совет на Република Северна Македонија, согласно член 8

од Законот за постапување по претставки и предлози( Сл. весник на РМ бр. 82 од 8 јули 2008 год.) констатира дека најсоодветно е предметот да се смета за завршен и истиот да се архивира.

По претставката **08-267-22** - наводите истакнати во претставката се неосновани, а постапувањето на судијата е одговорно , совесно непристрасно и законито. Имено, Постапувајќи по тужбеното барање на подносителот на претставката за надомест на штета причинета во извршна постапка пред Основен суд Тетово ИС.бр. 688/97 од 29.12.1997 година од страна на судии во Основен суд Тетово во износ од 411.128,00 денари со камата насочено против Република Северна Македонија била донесена пресуда МАЛВТС-60/20 од 02.03. 2021 година со која е одбиено тужбеното барање на тужителот како неосновано.Пресудата била обжалена од тужителот и истата била потврдена од Апелациониот суд Скопје со пресуда ТСЖ.бр. 1009/21 од 21.10.2021 година.По правосилноста и извршноста на пресудата МАЛВТС-60/20 од 02.03. 2021 година од страна на подносителот – тужител поднесен бил вонреден правен лек- повторување на постапката , по кој вонреден правен лек постапката е во тек, односно било закажано рочиште на ден 20.12.2022 година.Во конкретниот случај подносителот на претставката ќе биде потребно да го сочека донесувањето на одлуката, а потоа доколку е незадоволен од истата има право на жалба а наводите во претставката, доколку се изјави жалба ќе бидат предмет на оценка од страна на второстепениот суд. Воедно, согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, според кои одредби Судскиот совет нема надлежност да преиспитува , менува или укинува судски одлуки. Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

По претставката **08-359-22** - основана - по поднесена тужба на тужителката, основ-предавање во владение,во судот бил оформен предмет П1 бр. 36/2017.Во текот на постапката по поднесен приговор за пресудена работа од страна на тужениот и неговиот полномошник , судот донел решение П1 бр. 36/2017 од 26.09.2017 година со кое тужбата е отфрлена. Со решение на Апелациониот суд Гостивар ГЖ.бр. 343/2018 од 06.12.2018 година , решението е укинато и предметот е вратен на повторно постапување. Првостепениот суд , по укинувањето донел решение

П1 бр. 35/2018 од 25.10.2019 година со кое предлогот на тужениот бил одбиен како неоснован. Со решение Апелациониот суд Гостивар ГЖ.бр. 415 од 28.09.2020 година , првостепеното решение било укинато и предметот вратен на повторно постапување.Во понатамошниот тек на постапката согласно напатствијата на второстепениот суд , доставен вешт наод и мислење, увид на лице место, судот донел решение П1 бр. 35/2018 од 20.01.2022 година , со кое барањето тужбата на тужителката да се отфрли како пресудена работа , бил одбиен како неоснован, а наведеното решение не било обжалено. Постапувајќи по противтужба поднесена од тужениот – основ утврдување сопственост на недвижен имот , вредност 40.000 денари, судот донел решение П1 бр. 35/2018 од 08.04.2022 година со кое противтужбата е отфрлена како неуредна согласно чл. 101 ст. 1 од ЗПП.Од страна на тужениот повторно на ден 06.05.2022 година е поднесена противтужба, по што судот донел решение П1бр. 35/2018 од 03.06.2022 година кое било доставено до полномошниците на странките по електронски пат.Против наведеното решение била поднесена жалба, по која предметот со сите списи е испратен на 16.09.2022 година, (примен на 06.10.2022 година) на постапување до Апелациониот суд Гостивар , каде се уште се наоѓа.Во конкретниот случај, Координаторот за следење на работата на Основниот суд Дебар , во рамки на следење на состојбата во судот ќе го има во предвид и конкретниот предмет, со цел да ги утврди причините поради кои постапката по предметот се оддолговлекува, се со цел за што поголема правна сигурност на странките .Исто така Судскиот совет во рамките на својата надлежност ја следи и оценува работата на судиите и по однос на наводите кои ги имате наведено во преставката, а кога за тоа Судскиот совет ке оцени дека има потреба превзема мерки и активности согласно законот. Притоа следењето и оценувањето на работата на судијата се остварува без да се наруши независноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција.

По претставката **08-384-22** - Апелациониот суд Скопје донел Решение Гж.бр. 3495/17 од 19.05.2021 година со кое предлогот за повторување на постапката завршена со пресуда Гж.бр. 3495/17 од 01.11.2018 година на Апелациониот суд Скопје , се отфрла како ненавремен. Имено наведената пресуда уредно била доставена до полномошникот на тужителот- адвокат (веќе починат) на 22.11.2018 година а предлогот бил поднесен на 08.02.2021 година, односно по истек на законскиот рок од 30 дена , кој рок е преклузивен и не може да се продолжува. Воедно поднесокот насловен како обновување на посетапката нема ниту име на

подносителот , туку само потпис на крајот на поднесокот, што значи дека поднесокот е и неуреден. Воедно, согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, според кои одредби Судскиот совет нема надлежност да преиспитува , менува или укинува судски одлуки.

**8.** Претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот **СЕЛИМ АДЕМИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по излагањето на известителот.

По повод претставката УПП бр. 08-406/22 се разви дискусија.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека по однос на претставката неспорно е дека во конкретната фаза треба да се затвори согласно законските одредби, меѓутоа идентична претставка е стигната и до нејзе како претседател на Судскиот совет во прилог со уште еден спис и повторно е анонимна. Укажа дека со оглед дека се паушални наводите, а отвораат простор за размислување дали има некои коруптивни дејствија доставена е до координаторот на судот со барање да собере информации за да се види дали понатаму Судскиот совет е надлежен да постапува или ќе се препрати до надлежното обвинителство во зависност од исходот на прибраните податоци.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека сериозно треба да се разгледаат наводите, затоа што треба да се преиспита работата на судијата.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека дописот е разгледан пред седница со претседателот на Судскиот совет. Укажа дека во другиот допис има две страни и констатирано е дека претставката ќе се затвори со службена белешка, но ќе се проследи до координаторот.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе бидејќи има слични предмети на ист начин затворени со службена белешка и препратени до координаторот, за размислување е што координаторот би направил, на кој начин ќе ја преиспитува корупцијата во конкретниот предмет, а истиот на седница е затворен со службена белешка?

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека во конкретната фаза наводите се паушални, меѓутоа во прилог на дописот има уште еден допис каде што има можност да се соберат информации. Укажа дека Судскиот совет не е надлежен да ги гони сторителите на кривични дела, меѓутоа мора да се приберат изјави. Посочи координаторот на судот само да ги прибере информациите, а потоа Советот ќе одлучи дали има надлежност за постапување или ќе се прати до надлежното обвинителство.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка **УПП.бр.347/1** од 29.09.2022 година – поради незадоволство од несовесно и нестручно постапување на судија на Основниот суд Струга по предметот МАЛВПЛ1-П-19/21. Фактичката состојба која ја утврдил првостепениот суд била предмет на разгледување и од страна на второстепениот суд кој не утврдил поинаква ситуација од претходно утврдената. Во смисла на горенаведеното, Советот констатира дека наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува од причина што согласно чл.13 ст.3 од истиот закон судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. По однос на истото подносителот поднел жалба до второстепен суд така што пресудата е правосилна.

Претставка **УПП.бр.354/1** од 12.10.2022 година во врска со незадоволство од постапување на судија на Управен суд Скопје по предмет во кој е тужител. Како што е наведено во истата, донесена е пресуда со која тужбата на тужителот се одбива како неоснована. По направени извиди во наводите по претставката, Советот најде дека во конкретниот случај наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Тужителот против судската одлука на ден 10.10.2022 година изјавил жалба по која ќе постапува надлежен второстепен суд. Согласно членот 11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а Советот не е надлежен да менува судски одлуки.

Претставка **УПП.бр.386/1** од 31.10.2022 година - во врска со незадоволство од постапување на судија од Основен суд Битола со кое постапување и злоупотреба суштински го менува текот на постапката по предметот и го попречува правото и правдата. Во повторената постапка бил оформен нов предмет К.бр.205/20, а постапувајќи по напатствијата во решението КЖ-463/19 од 11.3.2020 година, на ден 13.1.2021 година Основниот суд Битола донел пресуда со која обвинетата ја ослободил од обвинение, бидејќи јавниот обвинител не докажал надвор од разумното сомневање дека обвинетиот го сторил делото за кое се товари. Апелационен суд Битола постапувајќи по поднесена жалба од ОЈО Битола донел со пресуда КЖ-172/21 ја одбил како неоснована, а првостепената пресуда ја потврдил. Советот најде дека во конкретниот случај наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Истите биле разгледувани од надлежен второстепен суд, во конкретниот случај Апелационен суд Битола.

Претставката **УПП-406/22** од 16.11.2022 година поднесена анонимен подносител, Советот ја разгледа на седница одржана на ден 16.12.2022 година и одлучи по истата да не постапува, а согласно член 8 став 1 од Законот за постапување по претставки и предлози.

Претседателот на Советот Весна Дамева даде ПАУЗА во траење од 30 минути.

Седницата продолжи во 12:15 минути.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека заменик претседателот на Советот Селим Адеми, членот*

*на Советот Зоран Герасимовски и членот на Советот Миљазим Мустафа ја напуштија седницата од оправдани причини.*

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова повторно е присутна на седницата.*

**9.** Претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот **САШКО ГЕОРГИЕВ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по излагањето на известителот.

По повод претставката УПП бр. 08-250/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека претставката со оглед на фактот дека е поднесена преку друго лице кое не лицето кое ја поднесува претставката, туку е полномошник, а нема во списите на предметот полномошно заземен е став по однос на таквите претставки. Второ, не е познато колку може претставката да се поднесе преку полномошник кога се сериозни наводите во истата дека целосно е непресметлив подносителот и не може ни да даде полномошно.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека имајќи во предвид дека не е констатирано во постапката и пресудата од кривичниот суд, значи водена е редовна постапка и штом се води кривична постапка, издаден е казнен налог - пресуда претпоставка е дека лицето е пресметливо. Укажа дека доколку би бил непресметлив не би имало обвинение.

Второ, по преставката веќе е постапено, спроведени се извиди и не е пречка да се одлучува по истата.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека со оглед дека заклучокот за постапување по однос на претставките за кои нема полномошно веќе е во сила, од една страна треба да се почитува заклучокот, меѓутоа се јавува дилема што во случај кога се спроведени извидите, дали веднаш ќе се применува заклучокот, бидејќи е образложена претставката?

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека ако е донесен заклучок треба да останат доследни на истиот.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека заклучокот е предочен, меѓутоа ситуацијата каде полномошникот не е адвокат не е предвидена. Упати прашање до известителот кој е неговит предлог.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека од страна на Судскиот совет е постапено, станува збор за жалбена постапка и истакна дека претставката е неоснована.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека заменик претседателот на Советот Селим Адеми и членот на Советот Миљазим Мустафа повторно се присутни на седницата.*

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За" и ниту еден глас „Против" е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка **УПП бр.08-250/1** од 15.06.2022 година - До Судскиот совет на Република Северна Македонија од страна на лицето Антонио Лимановски доставен е допис насловен како „барање за ургентно постапување по предмет број К.бр.1115/20. Дописот во Советот е евидентиран како преставка и заведен под УПП бр. 250/2022 од 15.06.2022 година. Видно од содржината на преставката произлегува дека станува збор за преставка во која подносителот нема наведено адреса на живеење, дека преставката е поднесена во име на друго лице за кого подносителот наведува дека е негов брат и дека со истата се бара превземање на одредени дејствија од име и за сметка на неговиот брат. Со преставката не е доставено полномошно како доказ дека подосителот е овластен да постапува и да превзема дејствија за друго лице, односно доказ дека неговиот брат го ополномоштил да превзема дејствија во негово име и за негова сметка. Судскиот совет на Република Северна Македонија по проучување на

преставката и одговорот од судијата кој постапувал по предметот, ја разгледа истата на седницата на Советот одржана на ден 16.12.2022 година и од изјавата доставена од судијата на Основен кривичен суд Скопје кој постапувал по предметот констатира дека подносителот на преставката –до Основен кривичен суд Скопје во корист на неговиот брат поднел барање за враќање во поранешна состојба. На ден 01.04.2022 година судот донел решение К.бр.1115/20 со кое барањето го одбил како неосновано. Против решението на Основниот кривичен суд Скопје била вложена жалба и предметот во моментот се наоѓа на одлучување пред Апелационен суд Скопје. Од наведеното произлегува дека станува збор за сеуште активен предмет во кој е потребно да се сочека исходот од второстепената жалбена постапка. Со оглед на околноста дека во конкретниот случај станува збор за сеуште активен предмет, како и поради околноста што согласно одредбите од Законот за судовите, само надлежен суд во постапка пропишана со закон може да преиспитува судската одлука. Судскиот совет на Република Северна Македонија констатира предметот да се смета за завршен, а преставката заведена во Советот под УПП.бр.08-250/1 од 15.06.2022 година да се архивира со службена белешка.

Претставка **УПП бр.08-364/1** од 12.10.2022 година - До Судскиот совет на Република Северна Македонија поднесена е претставка во која се изразува незадоволство од постапувањето на Управниот суд, по предметите У-3 бр.431/21 и У-3 бр.439/21. Судскиот совет на Република Северна Македонија ја разгледа преставката на седницата на Советот одржана на ден 29.11..2022 година и по расправата по истата констатира дека преставката е неоснована.Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите.Во конкретниот случај се работи за сеуште активен предмет, од причини што во меѓувреме видно од содржината на претставката поднесена од Ваша страна, произлегува дека сте го искористиле правото на контрола на донесената првостепена одлука со поднесување на жалби против предмтните прбостепени одлуки до Вишиот управен суд. Согласно со наведеното, произлегува дека наводите изнесени во преставката се жалбени наводи и истите можат да бидат ценети само од страна на повисокиот суд, во случајов Вишиот управен суд, кој согласно со одредбите од Законот за судовите, единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Претставка **УПП бр.08-375/1** од 19.10.2022 година - Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози (Службен весник на РМ бр.82/2008, 13/2013, 156/2015 и 193/2015) прибра податоци, известувања и мислења за фактите и околностите од значење за нивно оценување и во смисла на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.102/19), по што истата ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 29.11.2022 година и по расправата констатира дека по поднесена претставка од подносителот веќе му е одговорено со Известување УПП бр. 08-169/22 од 09.06.2022 година. Со оглед на тоа дека претставката, УПП бр.08-375/1 поднесена од подносителот и заведена во Советот под УПП бр.08-375/1 од 19.10.2022 година се однесува на прашања на кои на подносителот веќе му е одговорено и во истата од страна на подносителот не се наведени нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување – предходните претставки, Советот утврди дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози нема основ за постапување по преставката, заради што предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка.

Претставка **УПП бр.08-388/1** од 12.10.2022 година - До Судскиот совет на Република Северна Македонија поднесена е претставка во која подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот СТ-ТС-37/20 и од судии на Апелационен суд Скопје по предметот ГЖ – 4757/21. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката ја разгледа истата на седницата на Советот одржана на ден 29.11..2022 година и по расправата по истата не утврди незаконитост во постапувањето на судиите. Имено, од направените извиди и извршениот увид во приложените докази - првостепената и второстепената одлука доставени во приилог со преставката, се утврди дека е постапувано согласно со Законот за стечај, правилно е раководена главната расправа, изведени се сите потребни докази на основа на кои е донесена јасна и разбирлива одлука. По повод поднесена жалба од подносителот на преставката судиите на Апелациониот суд Скопје, како надлежен суд кој единствено може да менува или укинува одлука во постапка пропишана со закон, врз основа на сите околности и докази донеле одлука, која е јасна, разбирлива и содржи доволно причини за одлученото. Согласно со наведеното Советот не најде елементи за нестручно и несовесно постапување

на судиите по конкретниот предмет, поради што преставката е неоснована.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Мери Радевска ја напушти седницата од оправдани причини.*

**10.** Претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот **МИРСАД СУРОЈИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка **УПП бр.346/22** од 29.09.2022 година - Во претставката подносителот – адвокат од Скопје изразува незадоволство од постапување по предметот РО-269/22 на Основен граѓански суд Скопје. Видно од изнесеното укажува дека до поднесување на претставката одржани се 12 рочишта. Наведува дека предметот сега е распределен кај судија, кој за краток период ќе ги исполнил условите за старосна пензија, а со оглед на тоа што еден од доказите е од строго доверлив карактер судијата е неопходно да поседува безбедносен сертификат, што е и причина за одолговлекувањето на постапувањето по предметот. По направени извиди во наводите по претставката, Советот најде дека подносителот поднел повеќе претставки за различни предмети, со исти наводи – одолговлекување на постапувањето по предметите поради немање безбедносен сертификат на судиите. Советот прибави изјава од судечкиот судија по предметот РО-269/22 и констатира дека истиот е доделен во работа на судечкиот судија од друг судија на 02.01.2020 година заведен под РО бр. 3666/18. По истиот предмет на 14.10.2020 година е донесена пресуда со која е усвоено тужбеното барање на тужителот,а на 21.01.2022 година второстепениот орган по жалба на тужениот првостепената пресуда

е укинува и вратена на повторно постапување и одлучување. По приемот на предметот во Оновен граѓански суд Скопје истиот е заведен под број РО 269/22 и судечкиот судија од објективни причини, односно поради истекот на важноста на безбедносниот сертификат ги одложува двете закажани рочишта. Видно од горенаведеното, постапувањето на судијата не може да се смета за несовесно постапување на судијата и непостапување согласно начелата за судење во разумен рок и економичност на постапката од причина што состојбата не е по вина на судијата. Со оглед на состојбата, Советот ќе го извести претседателот на судот да преземе потребни дејствија и постапките за издавање на безбедносен сертификат доколку постои можност да се одвиваат побрзо. Согласно со наведеното претставката е неоснована.

**11.** Претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот **ТАЊА ЧАЧАРОВА ИЛИЕВСКА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Известителот истакна дека претставката УПП бр. 343/22 се повлекува со цел координаторите на предметните судови да направат дополнителни извиди, а меѓувремено да се извести подносителот за текот на постапката.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Претставка **УПП бр. 08-365/1** од 12.10.2022 година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен граѓански суд Скопје, по предметот РО-2464/19, основ заштита од вознемирување на работно место- обинг и надомест на штета, односно од донесената одлука со која судијата го одбила тужбеното барање. Со тужбеното барање барал да се утврди дека работодавачот вршел психичко вознемирување/мобинг, да се задолжи работодавачот да изврши

измена на Правилникот за систематизација и тужителката да се распореди на друго работно место. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и констатира дека наводите изнесени во претставката се однесуваат на погрешна примена на материјалното право и утврдените факти, односно утврдената фактичка состојба и дека истите претставуваат жалбени наводи кои подносителот можел да ги истакне во жалба и да бидат предмет на оценка од страна на повисокиот суд, бидејќи согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

Претставка **УПП бр. 08-391/1** од 04.11.2022 година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на ВД претседателот на Апелациониот суд Штип по предметот за изземање Су.ИЗЗ.бр.394/2022. Незадоволството генерално се однесува на донесената одлука со која ВД претседателот на судот го одбил барањето за изземање како неосновано. Исто така смета дека постапката се водела пристрасно на штета на подносителот со цел да му се помогне на нејзиниот поранешен сопруг. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и констатираше дека наводите изнесени во претставката претставуваат жалбени наводи, поради што претставката е неоснована. Ова од причини што согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Советот ги имаше во предвид и наводите за пристрасно постапување по предметот, но констатира дека истите се паушални и непоткрепени со докази од страна на подносителот. Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 14-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 15-та точка од Дневниот ред.

**Точка 15**

(Разно)

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Зоран Герасимовски повторно е присутен на седницата.*

● По повод 15-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека точки по кои не е одлучувано се барање за делегирање на судии од Основен суд Битола и ургенција од Основен суд Тетово. Меѓутоа, по однос на делегирањата, со оглед дека станува збор за парцијално доставени барања од претседатели на судови и постојат сознанија дека има и други барања, а делегирањата се во насока на подобрување на ажурноста на конкретен суд и нормално да им се потребни на судовите, особено во тековниот период, во таа насока упати задолжување до ВД Генералниот секратар да ги собере сите барања од судовите и да се подготват материјали за една од наредните седници со изготвени анализи и податоци врз основа на кој ќе може да се утврди реалната потреба генерално на сите судови. Ги замоли колегите кога ќе се примат материјалите да се размислува, да се анализра, да се види каде би настанала помала штета ако се делегира судија, затоа што сите судови се важни, но состојбата е таква и мора начинот на пополнување на судиските места додека излезе новата генерација да може да се избалансира.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе да се групираат барањата, табелата изработена од страна на членот на Советот Мери Радевска и се друго што може да се има како материјал во разгледувањето на точката, затоа што не е во ред парцијално да се разгледуваат барањата за делегирање на определен суд, без да се има во вид глобалната слика по сите судови во државата.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека од таа причина е кажано, барањата не се ирелевантни, меѓутоа ќе се појдовна основа за сите судови да се разгледуваат.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека алarmатна е состојбта во Основен суд Тетово. Посочи дека 8 судии се заминати во пензија и крајно нужно време е да се посвети во делот на делегирање во судот, за да не се доведат во една лоша состојба.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека сака да ја отвори темата за избор на уставен судија, бидејќи е останата како статус кво, но ги замоли сите колеги пред да се стави точката на дневен ред по однос на предлозите да не се оди како досега, само името на судијата да се истакнува. Укажа дека уставен судија е сериозна функција и мора да се обидат да најдат начин предлогот добро да се образложи. Можеби ќе бидат 13 предлози, можеби 20, можеби 1, но замоли за секој предлог да се подготват и да известат. Посочи дека моментот кога ќе бидат спремни со предлози ќе се стави на дневен ред, бидејќи не смее да се одлага оваа важна точка.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека по однос на воедначување на праксата во Советот, особено имајќи ја во предвид транспаретноста за која Судскиот совет несомнено се залага, почнувајќи од внатрешната транспрарентност, предложи да се донесе заклучок со кој еднаш месечно сите решенија со кој се отфрлаат барањата за утврдување на одговорност да се разгледуваат на работно тело и така сите членови ќе се транспарентно известени за сите одлуки на останатите членови и впрочем ќе се воедначува праксата на Советот.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека  можеби треба прво да се разговара на колегиум, бидејќи се поставуваат многу други потпрашања. Укажа дека нема ништо против, но сервирано да се гласа нешто, некаков заклучок за кој претходно не е елаборирано што ќе е предмет на опсервација. Посочи дека треба претходно да се дискутира.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека не случајно се става на гласање заклучок на седница од причина што многу пати наназад, година и нешто се обидува да укаже за проблематиката. Посочи доколку ВД Генералниот секретар е задолжен со заклучок да ги прибави посочените податоци, истите ќе се разгледуваат на работно тело.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесен е следниот:

З А К Л У Ч О К

Се задолжува ВД Генералниот секретар на Судскиот совет на Република Северна Македонија по сите поднесени барања за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд по кои од страна на Комисиите на известители се донесени решенија за отфрлање на барањата, да бидат доставени како материјал за работен состанок заради разгледување на истите еднаш месечно, односно на крајот на секој месец во годината, а заради воедначување на праксата на Судскиот совет, како и транспарентноста во работењето на Советот.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека станува збор на неажурно постапување на Советот. Укажа дека не е задоволна од исходот, особено што и самата е номинирана во Комисијата. Имено, се работи за формирање на работна група која треба да изврши увид, направи анализа и ја испита состојбата во врска со предмети за конфискација и имотна корист прибавена со извршување на кривично дело од обвинетото правно лице Друштво за градежништво транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје и по извршената анализа да изготви заеднички извештај. Посочи дека определени се 4 членови на работната група и тоа координаторите на судовите кои треба да извршат работни посети. Нагласи дека заклучокот е од 07.04.2022 година. Првиот извештај доставен од Кривичниот суд е на 26.05.2022 година. Има извештај доставено до Апелациониот суд од 28.09.2022 година, а нема доставено уште 2 извештаи. Замоли и укажа најдоцна до 31.12.2022 година да се утврди состојбата, бидејќи стравува дека се поминати роковите за евентуално иницирање на било каква постапка. Тоа исто така од причина што и самата е дел од работната група која е задолжена да изготви единствен заеднички извештај. Додаде дека нејзиниот извештај е на 25.05.2022 предаден и замоли да не се доведуваат во ситуација да се одлагаат некои работи, бидејќи доставено е од Државното правобранителство. Дополни дека се работи за сензитивен случај. Прецизира до 31.12.2022 година двата извештаи да се дадат, за да се изготви единствен извештај.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека по однос на Врховниот суд е даден извештај на 27.07.2022 година.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека во тој случај се работи за само уште еден извештај. Укажа дека останува координаторот на Основниот граѓански суд Скопје, членот на Советот Лорета Горгиева да го изготви извештајот. Замоли најдоцна до 31.12.2022 година истиот да се изготви.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека не се работи само за членот на Советот Лорета Горгиева, туку работат како комисија. Укажа дека предметите од Основниот граѓански суд Скопје се кај нив и има извештај од контрола. Првично предметите се во финансиска полиција, а сега се земени на увид, може да се видат, станува збор за предмети од 1 метар. Посочи дека дел од предметите се процесуирани и е направен увид и останува уште еден од најголемите предмети да се дозаврши.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека ако е останат уште еден предмет, членот на Советот Лорета Горгиева е координатор на работата група, па замоли да се организираат. Укажа без оправдувања, вината е на сите што не е направен единствен извештај.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека ниту се деца, ниту се повикани на одговорност за да се правдаат. Укажа дека секој одговорно ја врши функцијата. Замоли да се внимава на начинот на кој се разговара. Посочи дека никој не е дете да полага сметка. Истакна дека работат и се тераат работите, за се што треба е доставено се што треба, што не е довршено има уште работа за работење.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе бидејќи е дел од работната група каде што треба единствен заеднички извештај да се изготви, нема да дозволи одлагањето на еден извештај да го одложува изготвувањето на единствениот извештај. Укажа дека предметот е сензитивен и јавноста е заинтересирана. Посочи дека нема правдање, нема карање, меѓутоа ако се транспарентни меѓу себе полесно ќе функционираат работите.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека Комисијата ќе се состане и ќе организира кој, што и до кога треба да заврши.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека се оградува, бидејќи нејзиниот извештај е изготвен.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека со оглед на фактот да претседателот на Советот го одобрил нејзиното барање за одмор, има на увид кога не е на работа, доколку смета слободно може да ја санкционира, но до 31-ви не може да се даде извештај за предмет од 1 метар докази.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека замоли членот на Советот Лорета Горгиева да се произнесе до кој рок ќе е во можност да го изготви извештајот.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека во моментот кога ќе го изготви извештајот, тогаш и ќе го достави.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе секој со својата совест и нека јавноста ја цени работата на секој член поединечно.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека при посетата на Комисијата во Основниот граѓански суд е констатирано дека посочените предмети се доставени на увид до Финансиската полиција. Укажа дека пред месец, месец и половина предметите се доставени до Судскиот совет. Од ангажмани во Комисијата привремено е изземен членот на Советот Тања Чачарова Илиевска, поради обврски поврзани со скрининг процесот во Брисел. Посочи дека дел од предметите се разгледани, дел останува да се разгледа.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека е во ред, доколку е уште еден предмет, уште помалку време ќе е потребно.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека по однос на старите

нерешени предмети, застарени предмети и изземањата кои се прв чекор по однос на преземање на дејствија за евентуално коруптивно однесување на одредени судии кое е вметнато во Акциониот план со новиот Годишен распоред од 01.01.2023 година треба да се почне со работни посети, особено што изминатата година, две нема редовни работни посети. Предложи Судскиот совет да донесе генерален заклучок, за да може да се потпишуваат поединечните заклучоци да се извршат работни посети по судовите во кој ќе се проверат постапувањето по изземањата, старите нерешени предмети и застарените предмети по оценка на координаторите. Укажа да се обрне внимание и на предметите кои се помалку сензитивни, а долго време стојат. Посочи дека на граѓаните не им е важно дали нивниот предмет е важен за јавноста или не, нивниот предмет за нив е најважен. Предложи да се донесе генерален заклучок, а потоа поединечно на барање на координаторите кога сметаат дека треба да појдат да се извршат работните посети.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека заклучокот може да се донесе од кога ќе се направи Годишниот распоред.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и предложи заклучокот да се донесе со важност од 01.01.2023 година, а Годишниот распоред ќе биде доставен во текот на наредната недела.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и 1 глас „Против“ предлогот е усвоен и донесен е следниот:

З А К Л У Ч О К

Да се извршат работни посети во судовите во Република Северна Македонија од страна на членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија - координаторите определени за следење на работата на судовите, а заради проверка на постапките по изземање во предметите, како и проверка на состојбата со стари нерешени и застарени предмети во судовите.

Заклучокот ќе се применува од 01.01.2023 година.

● По повод следната потточка од Дневниот ред членот на Советот Ивица Николовски информираше за една невообичаена средба со колега за кого во Судскиот совет се води постапка. Укажа да не се свати погрешно, Судскиот совет е судиска куќа и секогаш судиите се добредојдени, меѓутоа не е вообичаено некој да земе за право без најава, ниту да биде повикан, директно да влезе во канцеларија со однапред точни информации да се обрати зошто тој како член на Совет е против него, го гони, а тоа е се беспотребно. Посочи дека најден е затечен, но останал на едно издржано ниво. Нагласи дека неговиот одговор кон почитуваниот колега е дека на темата со него би разговарал кога ќе го посочи лицето кое лажно, погрешно и необјективно го известил. Додаде дека не е прв пат, тоа се случува во повеќе наврати, се што се зборува во Судскиот совет, за било каква одлука иако е исклучена јавноста, иако јавноста со поднесок од Советот не е информирана, сепак во јавност се се знае, што значи дека Судскиот совет во своите редови има трговци поединци, неодговорни членови или стручна служба, а со такви неодговорни поединци не може и Судскиот совет да е одговорен и да е на линија на задачата. Предложи за прашањето, односно таквите појави претседателот на Советот во рамките на неговите надлежности да ги преиспита.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека тоа што е слушнато е загрижувачко и заплашувачко, меѓутоа голем чекор од страна на колегата. Укажа дека тоа се бара, одважувањето на секој поединечно од нив, и член на Судскиот совет и судија. Верува дека не е лесно да се истакне, меѓутоа тоа е одважноста што сите треба да ја имаат меѓусебе за да може да се заштитат и членовите и судиите и да знае секој судија, секоја странка од која ќе има влијание или закана, јавно и транспарентно ќе се каже. Се заблагодари на колегата. Посочи дека прв пат слуша за случајот, не знае за кој судија се работи, меѓутоа веднаш ќе преземе дејствија во таа насока. Нагласи дека најпрвин ќе се испита како посоченото лице влегло во Судскиот совет и дали побарало прием само кај колегата, дали кај други е побаран прием, да се види најпрвин како е пуштено. Друго, ќе се испита, има механизми, не да биде istражен орган, меѓутоа мора да се види како се изнесуваат информациите. Додаде дека членовите се должни да чуваат службени информации, впрочем за тоа со закон се обврзани. Дополни дека сериозна одговорност може да се сноси за изнесување на податоци кои не смеат да бидат изнесени од Советот. Постапките се тајни и апсолутно не може да се знае кој против кого, а уште помалку може да се прифати одреден колега да

го знае ставот на друг колега. Се заблагодари и даде поддршка да се продолжи така. Потенцира дека останува на страната на членовите кога ќе се укаже за влијанија, за изнесени информации, за закани ќе ги заштити со сите расположливи средства во рамките на овластувањата. Истакна да не се плашат, да пријавуваат, а случајот ќе го испита и ќе биде транспарентна и ќе извести.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека други потточки под точката разно нема и исполнети се условите да се исклучи јавноста.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и предложи јавноста да не се исклучи, бидејќи исто има да изложи еден пример, а доколку се транспаренти и јавноста треба да биде присутна. Укажа на тендеција која страшно многу смета, посебно ако се прават дека се транспарентни, ако се застане на одбрана за борба против корупција прво и основно што треба да направи Судскиот совет е кога после расправа по барање за утврдување на одговорност колегите за кои се води постапки недопустливо е да седат во канцеларија заедно со членовите од Комисијата со кои до пред 2 секунди биле од спротивната страна. Посочи да не се заборави дека од спроти нивните канцеларии во сите предмети кои не се од таен карактер јавноста е редовно присутна во ходниците. Неумесно е и замоли да не се праќа лоша слика дека корупцијата прво треба од Судскиот совет да се чисти. Недопусливо е после завршена расправа судиите да седат во канцеларии, а колегите кои ја завршиле расправата... Не сопри дека ќе се влијае, меѓутоа ствара лоша слика. Нагласи дека тоа е нешто што пречи и треба да се позанимава претседателката почитувана нова да најде просторија каде колегите достоинствено ќе сочекаат записник, а не да пијат кафе во канцелариите и да се ствара лоша слика дека нешто друго се случува во позадина. Напомена дека тоа си го должат сите едни на други.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека доколку колегите судии се дојдени во Судскиот совет на расправа не значи дека се виновни. Укажа дека законот ја дава слободата секој граѓанин да може да поднесе барање за утврдување на одговорност, но одговорноста и степенот на одговорноста на судиите треба да се докажува. Посочи дека колегите сепак се судии, не станува збор за тешки криминалци, па членовите на Судскиот совет да се затворат во своите канцеларии и да не ги погледнат во лице. Нагласи дека самиот не е судија, но

членовите на Судскиот совет што доаѓаат од редот на судиите треба да се први кои ќе застанат во заштита на судиите. Напомена дека не е долично да се затвори вратата на судиите.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и се обрати до заменик претседателот на Советот Селим Адеми дека сите се разбрале многу убаво во кои случаи што зборува. Укажа дека на брана на колегите за заштита на судиите неприкосновено стои прва, за останатите не знае. Колегите да се девалвираат во никој случај, меѓутоа неумесно е ако се одлучува и чита за претставки во кои странките се сомневаат, бидејќи адвокатот на спротивната страна влегол во канцеларијата на судијата пред или после, тоа треба да се почитува и од страна на Судскиот совет. Презумција на невиност е нешто друго, а говори за нешто сосема трето, за кое смета дека се разбрале. Посочи дека од таа причина бара да се обезбеди просторија каде колегите достоинствено ќе чекаат записник и без да се ствара и фрли сомнеж, бидејќи да не се заборави против судијата некој го поднел барањето, не мора да значи дека е член на Судскиот совет, има странки од надвор кои имаат поднесено барање, зошто да се става основ за сомнеж.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека и како судија и како член на Судскиот совет секогаш е отворена вратата за колегите судии. Укажа дека колегите ќе ги прими и ќе пие кафе со нив доколку изразат желба за тоа, со тоа што не практикува надвор од Советот скришум да пие кафе со некого и изнесува и пренесува одредени информации. Истакна дека секогаш се добредојдени неговоите колеги доколку го почутуваат и сакаат да дојдат. Посочи дека спремен е да понесе одговорност доколку некој смета дека тоа е проблем.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека ќе се наврати на изнесувањето на тоа што се дискутира, посебно кога седниците се тајни. Укажа дека тоа се наводи на колегите или стучната служба, на луѓето присутни во салата. Посочи дека некој изнесува информации и не е прва ситуација наведениот случај, затоа што во минатото барам во два наврати, вклучувајќи ја и последната седница нејзините наводи се излезени надвор. Нагласи дека од професионален аспект, тоа што го мисли јавно го кажува, свесна дека можеби ќе биде пренесено, иако не смее, затоа што тоа што се говори на седниците се објаснува со своите ставови и аргументи и треба да остане на седница. Додаде дека не може да се има однос на создавање

пријатели или непријатели помеѓу судиите со пренесувања вистински или лажни информации надвор од тоа што се случува на седниците. Од таа причина секој треба да има доволно свест да знае дека тоа што се зборува на седници, поготово кога се тајни и не случајно се тајни треба да остане на седница.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека колегите што се со интегитет и да пијат кафе со судии нема да оддадат информации. Укажа дека има интегритет и во тој дел нема дилеми, а да се обезбедува просторија за да се скријат е неприфатливо. Посочи дека не само да се има совест, туку и се одговора за оддадени информации.

Нагласи дека изминатиот период се пласирани одредени информации со откривање на идентитет на одредени судии и има информации дека одредени членови од Судскиот совет посочуваат дека претседателот на Советот изнесува информации на новинари. Напомена дека исправено стои пред колегите и уверува дека никогаш нема да даде доверлива информација, а нема да биде спречена во борбата за транспарентност. Додаде дека и претходно и од денес, па понатаму повторно ќе прима новинари, но знае до каде е границата. Дополни сите со интегритет да се однесуваат, а по однос на наводите на членот на Советот Ивица Николовски станува збор за влијание и нејзина должност е да се приберат информациите и да се извести Судскиот совет и заштити колегата.

Врз основа на чл. 39 ст. 2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот Весна Дамева предложи од понатамошниот тек од седницата јавноста да се исклучи од седницата.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја ИСКЛУЧИ ЈАВНОСТА од понатамошниот тек од седницата.

Се констатира дека претставниците од медиумите и пошироката јавност ја напушти седницата.

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот Весна Дамева констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 421-та седница на Советот и дека истата е завршена во 13:30 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Весна Дамева

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева